АГЕНЦИЈА ЗА ЗАШТИТА НА ПРАВОТО НА СЛОБОДЕН ПРИСТАП ДО ИНФОРМАЦИИТЕ ОД ЈАВЕН КАРАКТЕР

# ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ

# 2022



Скопје, март 2023

# АГЕНЦИЈА ЗА ЗАШТИТА НА ПРАВОТО НА СЛОБОДЕН ПРИСТАП ДО ИНФОРМАЦИИТЕ ОД ЈАВЕН КАРАКТЕР

# ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ

| | |
|---|---|
| Период за кој се известува: 2022 година<br><br>Вкупен буџет: 15.507.000,00 денари<br><br>Број на вработени: 19<br><br>www.aspi.mk | <u>Одговорно лице:</u><br><br>Име и Презиме: Пламенка Бојчева<br><br>Звање: Директор на Агенцијата<br><br>E-mail: aspi@aspi.mk<br><br>Телефон: 02/3118-038 |

## СОДРЖИНА:


**1. РЕЗИМЕ ........ 3**

**2. ВОВЕД ........ 8**

**3. СТАТУС, РАКОВОДСТВО, НАДЛЕЖНОСТ И ОРГАНИЗАЦИОНА СТРУКТУРА: ........ 10**

**4. РЕАЛИЗИРАНИ АКТИВНОСТИ ПРОИЗЛЕЗЕНИ ОД ЗАКОНСКИТЕ НАДЛЕЖНОСТИ И ПРОГРАМАТА ЗА РАБОТА: ........ 15**

4.1. Одлучување по жалби ........ 15
4.2. Решени предмети и нивна структура ........ 17
4.3. Жалби поднесени против имателите на информации ........ 18
4.4. Карактер на поднесени жалби: ........ 19
*4.4.1. Состојба на предмети по тужби ........ 22*
*4.4.2. Прекршочна постапка ........ 22*
*4.4.3. Листа на иматели на информации ........ 23*
*4.4.4. Годишни извештаи на имателите ........ 24*
*4.4.5. Содржина на Годишни извештаи ........ 30*
*4.4.6. Нецелосни извештаи и евидентирани неправилности ........ 30*

*4.4.7. Соработка со службени лица кај имателите* ............ *31*
*4.4.8. Обука и едукација* ............ *32*
4.5. Обуки за вработените ............ 33
*4.5.1. Веб локација на Агенцијата* ............ *34*
*4.5.2. Јавност во работата* ............ *35*

**5. МЕЃУИНСТИТУЦИОНАЛНА И МЕЃУНАРОДНА СОРАБОТКА И ПРОЕКТИ НА АЗПСПИЈК ВО 2022 ГОДИНА ............ 39**

5.1. МЕЃУИНСТИТУЦИОНАЛНА СОРАБОТКА НА АЗПСПИЈК ВО 2022 ГОДИНА ............ 39
*5.1.1. Билатерал скрининг за реформа на јавната администрација и Функционирање на демократските институции* ............ *39*
*5.1.2. Стратегија за реформа на јавната администрација 2018 – 2022* ............ *40*
*5.1.3. Подготовки на новата Стратегија за РЈА и Акциски план за 2023-2030* ............ *43*
*5.1.4. Меѓуинституционална соработка и правото на слободен пристап на веб страните на имателите* ............ *43*
5.2. МЕЃУНАРОДНА СОРАБОТКА И ПРОЕКТИ НА АЗПСПИЈК ВО 2022 ГОДИНА ............ 44
*5.2.1. Членство на Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер во Меѓународната конференција на комесари за информации (ICIC)* ............ *44*
*5.2.2. ИПА 2 ЕУ финансиран проект* ............ *45*
*5.2.3.Твининг Лајт апликација* ............ *49*
5.3. Соработка со невладини организации и проектни активности ............ 49
5.4. Останати реализирани активности ............ 53
*5.4.1. На покана на УНЕСКО на 9 март 2022 година, Агенцијата учествуваше на хибридна сесија насловена "Нацрт верзија на годишното истражување за јавен пристап до информации за 2022 година (СДГ Индикатор 16.10.2)."* ............ *53*
*5.4.2. Подготовка на Извештаи и Подготовка на материјали за придонесот на Северна Македонија кон Извештајот на Европската Комисија* ............ *54*

**6. БУЏЕТ, ЗАВРШНА СМЕТКА И ФИНАНСИРАЊЕ ............ 56**

6.1. Краток финансиски извештај ............ 56
*Сметка 193026288063710* ............ *57*
*Сметка 193026288078511* ............ *58*
*Сметка 193026288078526* ............ *58*
6.2. Компаративна табела на буџет и расходи во последните три години ............ 60
6.3. Завршни сметки за 2022 година ............ 61

**7. ЗАКЛУЧОЦИ: ............ 61**

**8. ПРЕПОРАКИ: ............ 62**

**9. ПРИЛОЗИ: ............ 62**

**ПРИЛОГ : КОПИЈА ОД ЗАВРШНА СМЕТКА ЗА 2022 ГОДИНА ............ 70**

# 1. РЕЗИМЕ

Правото на пристап до информации од јавен карактер е едно од демократските вредности на современото општество. Неговата примарна цел е да им обезбеди на корисниците ефективен пристап до информации од јавен карактер, остварувајќи го јавниот интерес преку координирано двојно дејствување:

- Систематско **проактивно објавување информации на веб-страниците** на јавните институци и
- Ефикасно **обезбедување информации врз основа на индивидуалните барања** на барателите на информации.

Затоа, правото на пристап до информации од јавен карактер е силен показател за квалитетот на работата на јавните институции, нивната отвореност и транспарентност во општеството. Доследната афирмација и примена на концептот за пристап до информации ги содржи и инструментите за обезбедување учество на корисниците во донесувањето на прописите, стратешките документи и општите акти на јавните институции, а со тоа се зајакнува квалитетот на креирањето на јавните политики, нивниот нормативен дизајн и директно позитивно влијание врз владеењето на правото.

Овој извештај има за цел да ја презентира работата на Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап до информациите од јавен карактер (во натамошниот текст - Агенцијата) во текот на 2022 година, пред Собранието на Република Северна Македонија.

Според Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер[1], (во натамошниот текст ЗСПИЈК), Агенцијата е единствен државен орган кој работи во сферата на заштита на правото на слободниот пристап до информациите од јавен карактер. Агенцијата е самостоен и независен државен орган, односно инокосен орган предводен од директор и заменик на директорот, именувани од страна на Собранието на Република Северна Македонија.

Во текот на 2022 година, Агенцијата како второстепен орган во управната постапка, постапи по 343 предмети, согласно своите законски надлежности, во законски предвидените рокови. Истовремено, Агенцијата постапуваше по предмети кои произлегуваат од нејзиното работење во делот на правните и општи работи, а согласно останатите нејзини законски надлежности, кои исто така, се навремено завршени во текот на извештајната година.

Од работењето на Агенцијата како второстепен орган, во актуелниот извештаен период произлегоа и следните податоци:

Правото на слободен пристап до информации од јавен карактер во 2022 година, според податоците за поведени жалбени постапки пред

Агенцијата, е искористено од здруженија на граѓани, невладини организации, како алатка за остварување на сопствените програми за работа, а со цел постигнување транспарентност на институциите и овозможување на остварувањето на јавниот интереси и тоа – **92** жалби (**26,82%**). Видно од статистичките податоци на Агенцијата најголем број поднесени жалби отпаѓаат на: Здружението на граѓани „Центар за граѓански комуникации“ – ЦГК од Скопје поднело 30 жалби; Граѓанската иницијатива „Охрид СОС“ – 18 жалби; Македонско здружение на млади правници – 14 жалби; Здружение за еманципација, солидарност и еднаквост на жените ЕСЕ – 13 жалби; Балканска истражувачка репортерска мрежа БИРН – 9 жалби; Здружението на граѓани „Фронт 21/42“ – 8 жалби.

Што се однесува пак до физичките лица, во текот на 2022 година, граѓаните најчесто се појавуваат како баратели на информации, односно како жалители, само во ситуации во кои посегнале по законските одредби на ЗСПИЈК заради остварување на некои свои лични права и интереси, кои произлегуваат од други материјални закони, со кои се регулира различна правна материја.

Поконкретно, според содржината на поднесените жалби до Агенцијата, видно е дека во најголемиот број случаи граѓаните, ЗСПИЈК го користат најчесто кога не се во можност да ги остварат своите права и да дојдат до за нив потребните информации и документи кои произлегуваат од матичните надлежности на институциите - имателите на информации кои не постапувале согласно материјалните закони со кои се служат при нивното работење и одлучување во одредена управна постапка. Исто така, постојат и случаи на жалбени постапки иницирани и од страна на адвокати, адвокатски друштва и правни лица, доставувани до Агенцијата со иста намена и со иста цел, а заради обезбедување на докази за одредена управна или судска постапка.

По спроведените анализи и сумарни резултати впечатлив е фактот, кој укажува на сеуште присутната, но секако неприфатлива, пракса, а тоа е дека најголемиот број од поднесените жалби до Агенцијата, за периодот за кој се однесува овој извештај, односно **211 жалби**, или во **61,51%** станува збор за случаи во кои имателите на информации не постапувале по поднесени барања, во законски пропишаните рокови (20 дена по поднесено барање, или 30 дена доколку со барањето се бара обемна информација), односно **поради „молчење на управата / администрацијата“**. Агенцијата вложува големи напори за да го истакне значењето на проактивната транспарентност и објавувањето на информациите од страна на институциите - иматели на информации, а особено навременото постапување по барањата за информации од јавен карактер, односно се додека молчењето на управата, како на централно, така и на локално ниво, целосно не биде елиминирано.

Во контекст на погоре наведеното, неопходно е да се истакне дека Агенцијата посвети посебно внимание за промоција на проактивната транспарентност кај институциите - иматели на информации, на централно и на локално ниво, со цел институциите да го препознаат јавниот интерес како еден од фундаменталните столбови на демократското општество и во таа смисла применувајќи го ЗСПИЈК како еден од главните антикоруптивни закони.

Сметаме дека е потребно и важно да ги истакнеме преземените активности од страна на Агенцијата во насока на олеснување на поднесувањето на барања за слободен пристап и зголемување на транспарентноста на институциите. Имено, во рамките на ИПА2 проектот, финансиран од Европската Унија, на веб страната на Агенцијата активно се користат двете платформи, кои беа ставени во функција во 2021 година, и тоа:

- **е-портал за иматели**, кој треба да ја подигне на повисоко ниво соработката на Агенцијата со имателите на информации и

- **е-портал за баратели**, на кој барателите може да поднесат барање по електронски пат до сите имателите или да поднесат жалба, доколку на нивното барање не добијат одговор во законски предвидениот рок.

Очекувањата од активното користење на овие платформи се зголемена транспарентност и отчетност на институциите, зголемена информираност на граѓаните за правото на слободен пристап до информации од јавен карактер, како и подобрен, побрз и поекономичен начин граѓаните да стигнат до бараната информација од јавен карактер. Иднината на едно демократско општество со отворени, транспарентни и сервисно ориентирани институции и во дигитална смисла, е сигурен правец за градење на доверба на граѓаните во таквите институции.

Агенцијата, во текот на 2022 година, реализираше вкупно 19 бесплатни обуки, преку ZOOM-платформата, наменети за службените лица кои посредуваат со информациите од јавен карактер во институциите - иматели на информации. Обуките беа организирани во два периодични циклуси од месец јануари до месец јуни првиот циклус, а од месец септември до месец декември вториот циклус на обуки, на кои присуствуваа службени лица од 257 институции. Обуките се од исклучително значење при постапувањето по барањата за слободен пристап до информации од јавен карактер, а особено заради значењето на проактивната транспарентност на институциите.

Имајки го предвид фактот дека постои честа промена на службените лица за посредување со информации од јавен карактер (делумно заради пензионирање, промена на работно место и слично) па следствено на тоа, Агенцијата истакнува дека е неопходно да се работи на континуирана едукација на службените лица преку спроведување на редовни и

дополнителни обуки, вклучително и советодавно учество на Агенцијата во градењето на капацитетите кај имателите на информации, како на централно така и на локално ниво.

Покрај редовните обуки за службените лица за посредување со информации од јавен карактер, Агенцијата, дополнително, во соработка со невладини организации, а со финансиска поддршка од страна на меѓународни и домашни организации (OSCE, USAID, NED )низ повеќе градови во нашата земја, спроведе обуки за промоција на правото на пристап до информации од јавен карактер, наменети за младите и за граѓанскиот сектор како баратели на информации од јавен карактер, како и за имателите на информации, со цел да се промовира начинот на кој граѓаните може да добијат информации од јавен карактер и да се поттикне транспарентноста и отчетноста на институциите - иматели на информации, кои во текот на своето работење создаваат или располагаат со информации од јавен карактер, кои впрочем припаѓаат на граѓаните, а институциите се сервисно ориентирани и им служат токму на сите граѓани во нашето општество.

Преку свои претставници, во 2022 година, Агенцијата зема активно учество на објаснувачкиот скрининг за Реформа на јавната администрација во септември 2022 година во Брисел на кој ги слушнавме искуствата и советите за тоа како најдобро да ги исполниме барањата и новите одредници на законодавството на ЕУ од оваа област како важен предуслов во процесот на европската интеграција на РСМ во ЕУ и билатералниот скрининг во декември 2022 исто така во Брисел за Реформа на јавната администрација и Поглавје 32 – Финансиска контрола и Функционирање на демократски институции, Кластер Фундаментални вредности, област која е за прв пат претставена со новата ревидирана методологија за преговори за членство во Европската Унија. Подготвените презентации на претставниците на Агенцијата беа одлично оценети од страна на преставниците на Европската комисија. Со оглед на фактот што процесот на приближување кон полноправно членство во Европската Унија продолжува и во тековната 2023 година, Агенцијата посветено работи на сите полиња од своите активности, во интерес на граѓаните и граѓанските права и слободи во поглед на слободниот пристап кон информациите од јавен карактер.

Агенцијата, ги промовираше претходно изготвените подзаконски акти, кои се објавени на веб-страницата на Агенцијата, како помошни алатки за барателите и за имателите на информации од јавен карактер, во насока на ефикасна примена на одредбите од ЗСПИЈК.

Со цел да ја информира младата популација за основните цели и придобивки од ЗСПИЈК, но и да ги упати како да го остварат правото на пристап до информации од јавен карактер, Агенцијата, во соработка со Асоцијацијата за демократска иницијатива (ADI), а со поддршка на

Агенцијата на САД за меѓународен развој (USAID) подготви Прирачник за млади за остварување на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер, во печатена форма, воедно истиот го објави и на својата веб страна. Исто така, Агенцијата во соработка со Асоцијацијата за демократска иницијатива (ADI), а со поддршка на Агенцијата на САД за меѓународен развој (USAID) подготви Водич за назначување службено лице за посредување со информации од јавен карактер, со цел да им помогне на раководните и одговорните лица при определувањето службени лица за посредување со информации и прецизирање на нивните обврски во насока на правилна примена на ЗСПИЈК, што води кон градење и на отворени и транспарентни институции и јакнење на демократските процеси во општеството.

Во рамките на ИПА2 проектот „Транспарентност и отчетност на јавната администрација“ финансиран од Европската Унија, претставници на Агенцијата, оствариja тридневна работна посета на Комисијата за пристап до административни документи (CADA) од Лисабон, Португалија. Ваквата размена на искуства и добри практики, се од особена важност и значење за афирмација и подигнување на свеста за важноста на примената на правото на слободен пристап до информациите од јавен карактер, како дел од фундаменталните вредности и функционирањето на демократските институции.

Исто така, во Кампањата за Интегритет Агенцијата беше дел од хибридна јавната дебата на тема:„Ефикасно користење на правото на слободен пристап до информациите од јавен карактер во процесот на јакнење на интегритетот на јавните институции со посебен акцент на младите“. Оваа јавна дебата беше дел од серијата онлајн тематски дебати кои се организираат во рамките на проектот “Промовирање на транспарентност и одговорност во јавната администрација на Северна Македонија”, финансиран од Европската Унија.

На покана и во организација на Интернационалниот Републикански Институт, IRI - International Republican Institute, од САД,а во соработка со Организацијата PAI - Public Administration International од Обединетото Кралство, Агенцијата, преку свој претставник, оствари студиска посета на Лондон, Обединето Кралство на Велика Британија и Северна Ирска, заедно со претставници на политички партии од Северна Македонија. Средбите со политичките партии, како и претставниците на други релевантни институции во Обединетото Кралство овозможија запознавање и стекнување со многу нови сознанија за работата на полето на транспарентноста и отчетноста на политичките партии во Обединетото Кралство во сферата на финасиите (приходите и расходите). Стекнатите сознанија и размената на искуствата даваат можност да се направат

споредби и да се применат добрите практики од работењето на британските институции и политички партии, при работењето на институциите и политичките партии во нашата земја, а се со цел за зголемување на интегритетот, транспарентноста и отчетноста со што се дава придонес за спречување на корупцијата и унапредување на модерно демократско општество.

Преку зголемување на свесноста на граѓаните за користењето на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер, како уставно загарантирано право, расте и неопходноста од континуирано унапредување на проактивната транспарентност на институциите, како врвен прироитет. За таа цел покрај унапредувањето на законската рамка од оваа област, неопходно е и понатаму да работиме на подигнување на свеста, особено кај функционерите и раководните лица во институциите, со цел да изградиме свест на самоиницијативно (проактивно) објавување на информациите од јавен карактер. Особено е важно повторно да го истакнеме фактот дека ЗСПИЈК претставува исклучително важна антикорупциска алатка, препознаена и истакната како таква и од страна на авторитетите на Европската Унија, а неговата доследна примена е исклучително важно од аспект на борбата против корупцијата и јакнењето на интегритетот на институциите и вработените во јавниот сектор, како сервис на граѓаните.

## 2. ВОВЕД

Примарна цел на Агенцијата е промовирање, практикување и заштитита на уставно загарантираното право на слободен пристап до информациите од јавен карактер, преку ефикасно и независно спроведување на жалбената постапка и континуирана едукација на имателите и на барателите на информации.

Годишниот извештај за 2022 година го опфаќа работењето на Агенцијата во делот на остварувањето на нејзините законски надлежности. За подобар, посликовит приказ, ви ги презентираме следните параметри:
Поради запазување на законските предвидени рокови, во извештајната 2022 година беа пренесени вкупно 13 предмети во жалбена постапка од 2021 година. Во текот на 2022 година Агенцијата постапи по вкупно 329 предмети од поднесените жалби, додека пак 14 предмети, поради законските рокови кои се однесуваат на произнесување на имателите по предметните жалби, како и по запазување на роковите за постапување на второстепениот орган, се пренесени за решавање во текот на 2023 година.

Во текот на 2022 година, до Агенцијата беа доставени вкупно 343 предмети/жалби, поднесени против управни и реални акти на

првостепените органи, или поради т.н. молк на управата. Против непостапување на имателите на информации по барања за пристап до информации од јавен карактер, односнопоради молчење на управата се поднесени **211** жалби (**61,51%**). Агенцијата констатира дека молкот на управата има постојани варијации во последната година.Од таа причина, Агенцијата останува посветена и ангажирана во остварувањето на визијата и мисијата на Агенцијата, преку едукации за имателите на информации за ефикасно градење на капацитетите кај имателите на информации како на централно така и на локално ниво.

Во поглед на поднесени годишни извештаи за работењето на имателите на информации на полето на пристапот до информации, може да се заклучи дека од вкупно **1449** иматели на информации, Годишен извештај за примената на законот до Агенцијата доставија **1404** иматели, односно **96,86%** проценти од нив. Ова е резултат на зголемените напори на Агенцијата, при спроведувањето на редовните обуки да им укаже на службените лица за редовно и навремено исполнувањена нивните законски обврски за доставување на годишниот извештај, но и применувајќи ја законски востановената пракса, преку своето овластено лице, пред Прекршочна комисија на Агенцијата, да поведе прекршочна постапка против службените лица за посредување со информации од јавен карактер, кон сите иматели на информации, кои не ја исполниле законската обврска навремено да достават годишен извештај до Агенцијата.

Во оваа прилика повторно истакнуваме дека Агенцијата, сеуште се соочува со предизвикот своите законски надлежности целосно да ги оствари во рамките на сопствените скромни буџетски средства со кои располага, со кои практично е невозможно да се постигнат. Од таа причина Агенцијата во текот на извештајната 2022 година, правеше обиди во повеќе сегменти од своето работење, а најмногу во делот на законската обврска за преземање на активности за едукација на имателите на информации, воспоставувајќи или продолжувајќи соработка со домашни и меѓународни чинители на полето на пристапот до информации од јавен карактер. Сметаме дека, во дадените околности, обидот беше доволно успешен, но потенцираме дека е повеќе од неопходно своите активности Агенцијата да биде во можност да ги остварува потпирајќи се првенствено на сопствениот буџет. Ова е особено важно заради фактот што правото на слободен пристап до информации од јавен карактер е еден од клучните сегменти на фундаменталните вредности, како дел од претпристапните преговори за членство на Република Северна Македонија во Европската Унија и како такво е од исклучителен интерес за транспарентноста и отчетноста на институциите и незаменлива алатка за спречување на корупцијата.

Во контекст на сето погоре наведено, јасно ставаме акцент дека **за поуспешно остварување на својата активност согласно законските надлежности, прилагодувајќи се и доследно применувајќи ги европските вредности, Агенцијата има итна потреба од квалитетно кадровско доекипирање, а првенствено од многу посилна буџетска поддршка особено што работата на Агенцијата во делот на остварувањето на правото на слободен пристап до информациите од јавен карактер е од исклучителна важност од аспект оставрувањето и афирмацијата на фундменталните вредности како и на борбата против корупцијата и јакнењето на интегритетот на институциите.**

**Овие и другите активности кои беа реализирани во текот на 2022 година се смерницакон која Агенцијата е насочена во оставрувањето својата:**

**Мисија**

„Континуирано спроведување, промоција и заштита на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер во насока на зголемување на транспарентноста и отчетноста на институциите и олеснување на пристапот до информациите од јавен карактер", а со цел на исполнување на својата

**Визија**

„Институционална препознатливост на Агенцијата како кредибилен афирматор и заштитник на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер".

# 3. СТАТУС, РАКОВОДСТВО, НАДЛЕЖНОСТ И ОРГАНИЗАЦИОНА СТРУКТУРА:

Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап до информациите од јавен карактер веќе три години е самостоен и независен државен орган, односно инокосен орган предводен од директор и заменик директор.

Надлежностите на Агенцијата таксативно се утврдени со член 30 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Службен весник на Република Северна Македонија"бр.101/2019), Агенцијата ги врши следниве работи:

-води управна постапка и одлучува по жалби против решението со кое имателот на информацијата го одбил или отфрлил барањето за пристап до информации на барателите,

-се грижи за спроведување на одредбите од овој закон,

-подготвува и објавува листа на иматели на информации,

-дава мислења по предлози на закони со кои се уредува слободен пристап до информации,

-развива политики и дава насоки во врска со остварување на правото на слободен пристап до информациите,

-води прекршочна постапка преку Прекршочна комисија која одлучува по прекршок во согласност со закон,

-презема активности на планот на едукацијата на имателите на информации за правото на слободен пристап до информациите со кои тие располагаат,

-соработува со имателите на информации во однос на остварувањето на правото на пристап до информации,

-подготвува годишен извештај за својата работа и го доставува до Собранието на Република Северна Македонија,

-извршува работи на меѓународна соработка поврзани со извршувањето на меѓународните обврски на Република Северна Македонија, учество во спроведувањето на проекти на меѓународните организации и соработува со органите на другите земји и институции од областа на слободниот пристап до информации од јавен карактер,

-врши промоција на правото на слободен пристап на информации од јавен карактер и

-врши и други работи утврдени со овој и друг закон.“

Поаѓајќи од видот, обемот и степенот на сложеност на работите и задачите кои ги извршува Агенцијата, меѓусебната поврзаност и сродност на тие работи и задачи и другите услови потребни за нивно вршење, во Агенцијата согласно Правилникот за внатрешна организација и Правилникот за систематизација на работните места, кои акти се применуваат од 13.10.2020 година, се формираат следните организациски единици:

1. Одделение за финансиски прашања;
2. Одделение за ИКТ - информатички и комуникациски технологиі
3. Сектор за управно-правни и општи работи
   3.1) Одделение за управни постапки и
   3.2) Одделение за правни и општи работи,
4. Сектор за соработка, транспарентност и едукација
   4.1) Одделение за односи со јавност, транспарентност и едукација
   4.2) Одделение за соработка и анализи
   4.3) Одделение за меѓународна соработка и проекти

Организациската структура на Агенцијата е претставена во следниот графички приказ:




**ОРГАНОГРАМ**

Со актот за систематизација се утврдени и опишани работни места за вкупно 50 извршители, распоредени по девет организациски единици, од кои на 31.12.2022 година пополнети биле вкупно деветнаесет (19) работни места, од кои седумнаесет (17) вработени на неопределено време и двајца (2) на определено време. Од вкупната бројка шеснаесет (16) се со високо образование, а тројца (3) се со средно образование.

Квалификационата структура на вработените со високо образование е следна: пет (5) се дипломирани правници од кои двајца се со положен правосуден испит и еден (1) магистер по право од област на казнено право, пет (5) се дипломирани економисти од кои еден (1) е магистер по организациски науки-менаџмент на човечки ресурси, еден (1) дипломиран

економист од областа на менаџментот, а еден (1) е дипломиран економист по маркетинг и рекламирање, тројца (3) се со Филолошки факултет од кои еден (1) е со магистерска диплома, еден (1) е по албански јазик и книжевност, а еден (1) англиски јазик и книжевност, еден (1) е со Филозофски факултет, еден (1) е дипломиран менаџер по човечки ресурси и еден (1) е дипломиран машински инженер.

Со средно образование се тројца (3) вработени, од кои еден (1) е со гимназија, двајца (2) економски техничари.

Според категории на административни службеници, состојбата е следна:

- Генерален секретар: - еден (1);
- Државен советник: – нема (0);
- Раководител на сектор: - нема (0);
- Помошник раководител на сектор: - еден (1);
- Раководител на одделение: - тројца (3);
- Советник: -седум (7)
- Помлад соработник: - тројца (3)
- Самостоен референт:- еден (1);
- Виш референт -еден (1) и
- Помлад референт:- двајца (2).

Од вкупниот број вработени, десет (10) се од македонска национална припадност (52,63%), четворица (4) се од албанска национална припадност (21,05%), еден (1) е од турска национална припадност (5,26), двајца (2) се од влашка национална припадност (10,53%) и двајца (2) се од ромска национална припадност (10,53%).

Процент од вкупниот број по национална припадност на вработените во Агенцијата:

| | Систематизирани работни места | Пополнети работни места | Процент од вкупен број на вработени | Високо образование | Средно образование |
|---|---|---|---|---|---|
| Македонци | | 10 | 52,63% | 9 | 1 |
| Албанци | | 4 | 21,05% | 4 | / |
| Турци | | 1 | 5,26% | 1 | / |
| Власи | | 2 | 10,53% | 2 | / |
| Роми | | 2 | 10,53 % | / | 2 |
| Вкупно | 50 | 19 | 100% | 16 | 3 |

Од вкупниот број на вработени во Агенцијата по национална припадност е следна: десет (10) се од македонска национална припадност од кои четворица (4) се од машки пол и шест (6) се од женски пол, четворица (4) се од албанска националност од кои еден (1) е од машки пол и три (3) се од женски пол, еден (1) од турска националност е од женски пол, двајца (2) од влашка националност се од женски пол и двајца (2) се од ромска националност од кои еден (1) е од машки пол и еден (1) е од женски пол. Од вкупниот број вработени шест (6) вработени се од машки пол, а тринаесет(13) се од женски пол, на возрастод триесет (30) до шеесет и три (63) годишна возраст.

Во текот на овој извештаен период на двајца (2) извршители од македонска национална припадност и двајцата од Одделението за соработка и анализи во Сектор за соработка, транспарентност и едукација им престана работниот однос во Агенцијата и тоа на еден (1) извршител со звање Раководител на одделение за соработка и анализи, му престана работниот однос на 19.03.2022 година поради пензионирање, а на другиот извршител Помлад соработник за соработка со имателите на информации му престана работниот однос на 31.03.2022 година по негово барање.

Согласно Годишниот план за вработување за 2022 година, на кој беше добиена финансиска согласност од надлежните институции, во текот на оваа извештајна година се спроведе постапка по пат на објавување на Јавен оглас за вработувањена вкупно тројца (3) извршители со пополнување на следните работни места:

1. Виш референт за административно-стручни работи, Одделение за меѓународна соработка и проекти, Сектор за соработка, транспарентност и едукација - (1) извршител и
2. Раководител на Одделение за ИКТ- информатички и комуникациски технологии - еден (1) извршител, постапката за вработување на овие двајца (2) извршители се реализира во оваа извештајна година, а за работното место:
3. Раководител на Сектор за управно-правни и општи работи-еден (1) извршител, постапката за вработување заврши во 2023 година.

Агенцијата по добиена финансиска согласност, во оваа извештајна годинаобјавии интерен оглас за унапредување на тројца (3) административни службеници и тоа за работното место:

1. Раководител на Одделение за финансиски прашања- еден (1) извршител, постапката во оваа извештајна година заврши со вршење на неизбор, а постапката за унапредување на другите двајца (2) административни службеници заврши во 2023 година и тоа за

следните работни места:

2. Самостоен референт-сметководител во Одделение за финансиски прашања -еден (1) извршител и

3. Самостоен референт–архивар во Одделение за правни и општи работи, Сектор за управно-правни и општи работи-еден (1) извршител.

По предходно добиена финансискасогласност од надлежните институции и спроведен јавен оглас, Агенцијата склучи договор на определено време со двајца (2) извршители и тоа за следните работни места:

1. Советник за преводи на англиски јазик, Одделение за односи со јавност, транспарентност и едукација, Сектор за соработка, транспарентност и едукација - еден (1) извршител и

2. Помлад соработник за работа на проекти, Одделение за меѓународна соработка и проекти, Сектор за соработка, транспарентност и едукација (1) извршител.

# 4. РЕАЛИЗИРАНИ АКТИВНОСТИ ПРОИЗЛЕЗЕНИ ОД ЗАКОНСКИТЕ НАДЛЕЖНОСТИ И ПРОГРАМАТА ЗА РАБОТА:

## 4.1. Одлучување по жалби

Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап до информациите од јавен карактер, како второстепен орган во процесот на имплементација на остварувањето на уставно и законски загарантираното право на граѓаните за добивање на јавните информации и во извештајната 2022 година ја исполнува својата основната надлежност - да води управни постапки и да одлучува по жалби од барателите на информации поднесени против имателите на информации кои донеле управни или реални акти со кои ги одбивале или отфрлале барањата за пристап до информации од јавен карактер поднесени од барателите или го користеле т.н. “молчење на управата“.

Напоменуваме дека правото за поднесување жалба е право на сите баратели кои поднеле усно, писмено или електронско Барање за пристап до информации од јавен карактер до некоја институција на централно или на локално ниво, односно до било кој од регистрираните иматели на информации (првостепени орани кои постапуваат по барања од барателите на информации).

Агенцијата, пак, како второстепен орган во постапката, добиените жалби од незадоволните баратели ги препраќа на произнесување до

имателите на информации, со барање во рок од 7 дена тие да се произнесат по жалбите и до Агенцијата да достават одговор на истите, како и да ги приложат сите предметни списи, со цел Агенцијата веднаш да реагира и во законски предвидениот рок од 15 дена да донесе соодветна одлука.

И во ваквата поставеност Агенцијата го практикува корективниот, пред репресивниот пристап, со тоа што на имателите на информации кои воопшто не постапиле по барањата за пристап до информации од јавен карактер им доставува решенија за наложување за постапување согласно ЗСПИЈК во рок од 15 дена од приемот на решението, со обврска повратно да ја известат Агенцијата за нивното постапување во тој рок. На оние иматели на информации кои, пак, не постапиле согласно одредбите од Законот, односно донеле управен акт со кој делумно или во целост се одбива односно отфрла барањето, Агенцијата им доставува решенија за повторно постапување од нивна страна, со укажување како истото да го сторат. Доколку ваквите првични решенија не резултираат во насока на остварувањето на целта на ЗСПИЈК, по поднесена втора жалба од страна на барателот/жалител, Агенцијата изготвува и до имателите на информации доставува мериторни решенија, кои во најголем број резултираат со задолжувања за доставување на бараната информација до барателите.

Сеопфатно почитувајќи ги законските смерници, Агенцијата Ви ги доставува обработените податоци за извештајната 2022 година:

Во текот на 2022 година во Агенцијата се примени вкупно 343 жалби. Добиени предметни жалби од страна на барателите на информации по месеци се :

Во месец јануари до Агенцијата се поднесени 18 жалби, во февруари-17, март-50, април-59, мај-23, јуни-18, јули-19, август-36, септември-14, октомври-30, ноември-17 и во месец декември- 42.




**Графикон 1: Број на поднесени жалби по месеци**

Структурно, како подносители на жалби до Агенцијата за прв пат се појавуваат речиси паритетни бројки, односно вкупно 195 жалби се поднесени од страна на правни лица, односно од здруженија на граѓани и фондации, додека од страна на физички лица се поднесени 148 жалби. Во минатите извештајни периоди, без исклучок, над 80% од жалбите беа поднесувани од првоспоменатата категорија на баратели, а минорен беше бројот на поднесени жалби од страна на физички лица.

## 4.2. Решени предмети и нивна структура

Во текот на 2022 година, односно до денот на изготвувањето на овој Годишен извештај, Агенцијата постапи по сите 343 предмети.

Постапувајќи по пристигнатите жалби во 2022 година, Агенцијата донесе вкупно 343 конечни и 46 мериторни решенија. Овие бројки се резултат од почитувањето на одредбите од Законот за општата управна постапка според кој, покрај првичните решенија со кои Агенцијата на првостепените органи им наложуваше да постапат согласно ЗСПИЈК или им враќаше предмети на повторно постапување, донесуваше и мериторни решенија во случаи кога имателите не постапуваа по нејзините претходни решенија, а по поднесена втора жалба. Ваквата законска постапка се покажа продуктивна, со оглед на тоа што речиси сите иматели на информации постапија согласно донесените конечни решенија на Агенцијата. Оние

имателите кои не постапија согласно одлуките на Агенцијата, на иницијатива на барателите-жалители, или по службена должност на овластеното лице во Агенцијата, се соочија со прекршочна постапка која ја спроведува Прекршочната комисија на Агенцијата.

Статистички прикажано работењето на Агенцијата на полето на водење управни постапки е следно:

–106 решенија со кои Жалбата се уважува и се наложува првостепениот орган да постапи по Барањето на барателот;

–30 решенија со кои Жалбата се уважува и се задолжува имателот да ја даде бараната информација;

–29 решенија со кои Жалбата се одбива како неоснована;

–39 решенија со кои Жалбата се отфрла како ненавремена/недопуштена/ предвремена;

–111 решенија со кои Жалбата се уважува и предметот се враќа на повторно постапување пред првостепениот орган;

–74 решенија со кои се запира постапката по Жалба поради повлекување на истата од страна на барателот, или поради добиен одговор од имателите во меѓувреме, или со задоцнување.




**Графикон 2: Решени предмети и нивна структура**

## 4.3. Жалби поднесени против имателите на информации

Од поднесените жалби се констатира дека најчесто истите се насочени против следните иматели на информации:

- 151 против државни институции на централно ниво ,
- 114 против општини,
- 18 против јавни претпријатија и установи,

- 12 против судската власт,
- 25 против правни и физички лица кои што вршат јавни овластувања,
- 13 против образовни институции,
- 10 против здравствени институции,




**Графикон 3: Жалби поднесени против иматели на информации**

## 4.4. Карактер на поднесени жалби:

Погоре наведените жалби барателите ги поднесувале:

- 211 поради молчење на управата (61,51%),
- 85 против решенија од имателите на информации (24,78%)
- 47 против одговор/известување од имателите на информации (13,70%)

Загрижува процентот кој отпаѓа на поднесени жалби поради непостапување на имателите на информации по барањата во законски предвидените рокови, односно се доставени поради молчење на првостепениот орган. И покрај напорите што ги прави Агенцијата, преку континуирани он-лајн и обуки со физичко присуство во текот на годината да опфати што поголем број од службените лица кај имателите на информации, не доаѓа до намалување на овој процент, туку напротив. Агенцијата, од обработката на предметните списи, како и од редовните електронски и телефонски комуникации со службените и со раководните лица кај имателите на информации, заклучува дека подготвеноста за отвореност кон јавноста е поголема кај службените лица, за разлика од ставовите на раководните структури, кои одат во обратна насока. Поради тоа Агенцијата смета дека е повеќе од потребно да бидат организирани дополнителни обуки, работилници, тркалезни маси и слични презентации на ЗСПИЈК пред раководните лица кај имателите на информации.

Инаку, во доставуваните жалби најчесто е изразено незадоволството на барателите на информации од не/постапувањето на имателите на информации, односно од добиени негативни решенија и одговори во врска со барања кои се однесуваат на:

- Работењето на Секторската работна група за конкурентност и иновации;
- Лиценците издадени за производство на медицинска марихуана на територијата на Република Северна Македонија;
- Број на жители во општината и нивната структура;
- Процент (или број на жители) од општината кои се снабдуваат со вода од јавен водоснабдителен систем;
- Населени места во општината кои имаат проблеми со загадена вода за пиење;
- Воспоставување на заштитни зони на изворите за водоснабдување;
- Постоење на големи загадувачи кои влијаат врз квалитетот на водите;
- Користењето на вода за пиење и за полевање на земјоделски култури;
- Активности за санацијата на охридското крајбрежје и негово враќање во првобитна состојба;
- Информации за утврдени зони за санитарна заштита за Билјанини извори во Охрид;
- Постапување на Министерството за култура во врска со конзерваторското одобрение издадено од УЗКН за нова градба на ул. Христо Узунов бр.17, Охрид;
- Постапка за оттуѓување/продажба на земјиштето во сопственост на Република Северна Македонија и целосната документација за предмети за приватизација на градежно земјиште во државна сопственост;
- Записници за земени мостри од храна, производи и материјали кои доаѓаат во контакт со храна, составени од официјални ветеринари/инспектори за храна при земање на лабораториски анализи и испитувања за време на 2017, 2018, 2019, 2020 и 2021 година, врз основа на Законот за безбедност на храна;
- Сите документи за конкретни постапки за јавна набавка на конкретни институции;
- Одобренија за градење за II категорија градби во надлежност на општините;
- Средства прибрани во 2020 и 2021 година на име акцизи за пиво, за етил алкохол/чист алкохол и за цигари;
- Листа на онлајн медиуми (интернет портали) кои биле пријавени за платена политичка програма (ППР) на последните локални избори, Ценовник од сите пријавени онлајн медиуми (интернет портали) за ППР за

последните локални избори, фактури за исплата за учество во ППР од страна на онлајн медиуми (интернет портали) и сумарен податок колку јавни пари од која политичка партија или друг субјект во кој онлајн медиум (интернет портал) е исплатено по основ ППР за последните локални избори;

- Износот на поделените финансиски средства кои се наменети од општината за 2018, 2019, 2020 и 2021 година за медиумите и на кои медиуми им биле исплатени финансиски средства;

- Податоци за сите менаџерски договори склучени во периодот од 01.01.2011 до 31.12.2021 година во конкретни акционерски друштва, месечен надомест (плата или друг вид на надомест);

- Копии од фактурите за месеците јануари и февруари 2022 година за контото 425990 (други договорни услуги) што ги исплатила општината;

- Правилник или друг правен акт со кој е дефиниран начинот на наплата на „болнички ден", со кој е дефинирано што се подразбира под „соба и престој"...;

- Дали општината има усвоено Програма за третирање на бездомни животни;

- Фотокопија од сите регистрирани кучиња поединечно во Информациониот систем на агенцијата за храна и ветеринарство (ИСХАВ) и годишни извештаи за бројот на заловени и третирани бездомни животни на територија на конкретна општина;

- Сите договори за набавка на јаглен, јаглен (лигнит) и мазут кои АД „ЕСМ" ги склучиле со приватни компании во конкретен период. Целосната понуда и документација која приватните компании ја доставиле до АД „ЕСМ" за горенаведените договори;

- Дали општината има пропишано посебни постапки со кое се обезбедува остварување на правото на пристап до информациите и учество на јавноста во донесувањето на одлуките кои се однесуваат на состојбата на животната средина согласно чл.17 од Законот за животната средина;

- Одлуки за извршен избор на судии и претседатели во судовите на РСМ, одлуки за разрешување на судии и претседатели поради нестручно и несовесно вршење на судиската функција, одлуки за изречени дисциплински мерки поради утврдена дисциплинска одговорност за судии, извештаи за спроведено оценување за судиите и претседателите во судовите на РСМ;

- Која компанија ја добила концесијата за управување со Попова Шапка?;

- Кои правни субјекти биле извозници на огревно дрво за време на тековната 2022 година и колкави количини биле извезени преку секој од нив?";

- Документи во врска со имотно-правни односи и друго.

### 4.4.1. Состојба на предмети по тужби

Во текот на 2022 година пристигнати се 4 покани за одговор на тужби поднесени против решенија на Агенцијата донесени во 2021 година, од кои три (3) се поднесени од иматели на информации, а една (1) од барател на информации. Тринаесет (13) тужби се поднесени против решенија на Агенцијата донесени во 2022 година, од кои четири (4) тужби се поднесени од страна на баратели на информации, а девет (9) од иматели на информации (од кои 7 се поднесени од АД Електрани на Северна Македонија).

Агенцијата постапи по сите покани за одговор на тужба на Управниот суд и изготви одговори на сите тужби.

Во текот на 2022 година Управниот суд од вкупно поднесените тринаесет тужби одлучувал само во делот на барање за изрекување на времена мерка , при што во сите случаи донел решение со кое барањата за изрекување времена мерка ги одбил како неосновани. Овие решенија на Управниот суд се потврдени и од страна на Вишиот управен суд.

Од управните спорови поведени против решенија на Агенцијата во изминатите години, во 2022 година беа доставени одлуки на Управниот/Вишиот управен суд со кои во два предмети (еден поведен од барател и еден од страна на имател на информација) решенијата на Агенцијата се поништуваат и предметите се враќаат на повторно постапување во Агенцијата и три предмети со кои тужбите на тужителите (две од иматели и една од барател на информации) се одбиваат како неосновани.

И во извештајната 2022 година Агенцијата се соочи со напуштање на праксата воспоставена во работењето на Управниот суд и Вишиот управен суд, тужбите на имателите на информации да ги отфрла како недозволени. И покрај укажувањата на Агенцијата дека истите немаат странечка способност (активна легитимација), односно не можат да пројавуваат заштита на свој правен интерес пред Управниот суд кога како првостепен орган одлучуваат по права и интереси на барателите на информации, кога треба да се овозможи остварување и заштита на јавниот интерес. И оваа година пристигнаа одлуки на овие судови со кои тужбите на имателите на информации ги смета за дозволени повикувајќи се на правниот интерес на имателите на информации, занемарувајќи го и/или минимизирајќи го притоа јавниот интерес за објавување на бараните информации.

### 4.4.2. Прекршочна постапка

Постапувањето согласно прекршочните одредби од ЗСПИЈК во Агенцијата успешно продолжи и во 2022 година. Во оваа извештајна година

Агенцијата спроведе вкупно 136 постапки за порамнување, 130 предмети се за не доставување на Годишен извештај во законскиот рок, а шест предмети се за не спроведување на решенија на Агенцијата, за 38 успешно се спроведе порамнување. За девет (9) предмети не се спроведе постапка и тоа за иматели на информации-политички партии, затоа што за осум (8) Агенцијата и по неколку обиди не успеа да стапи во контакт на адресните податоци добиени од Основниот граѓански суд Скопје, а за една (1) политичка партија се утврди дека повеќе не е запишана во Единствениот судски регистар на политички партии.

По поднесено барање за поведување на прекршочна постапка, Прекршочната комисијата постапи по вкупно 89 прекршочни предмети. По спроведена прекршочна постапка, за 18 предмети беше донесено Решение за ослободување од одговорност, а за останатите 71 донесени се решенија со кои беше изречена прекршочна санкција од кои за 64 предмети- опомена, а за седум (7) предмети - глоба.

Во текот на 2022 година против три (3) донесени решенија од Прекршочната комисија со кои беше изречена прекршочна санкција (две (2) –опомени и една (1)-глоба), поднесени се тужби пред Управниот суд на Република Северна Македонија. Прекршочната комисија постапи по поканата од Управниот суд и за сите три (3) достави одговор на тужба. Постапката по истите е во тек, односно се уште не е донесена одлука од Управниот суд.

### 4.4.3. Листа на иматели на информации

Во Листата на информации и оваа извештајна година беа евидентирани нови иматели во текот на доставувањето на годишните извештаи, а за кои треба да потенцираме дека самоиницијативно доставија податоци за своите институции како нови иматели на информации. Овие новоевидентирани иматели се кај правните и физички лица кои вршат дејност од јавен интерес и образовните институции, со што вкупниот број на евидентирани субјекти на Листата достигна **1.449** иматели. Во извештајниот период се евидентирани **5** нови иматели, а од претходниот извештаен период еден имател извести дека повеќе нефункционира, односно неговата лиценца за работа е одземена. Во Листата на иматели со Правни и физички лица кои вршат јавни овластувања и дејност од јавен интерес, бројот на иматели е **74** со евидентирање на два нови иматели: Олимписки комитет на Северна Македонија и Друштво за снабдување со топлинска енергија ЕСМ Снабдување со топлина ДООЕЛ Скопје. Листата на институции од образовната дејност во сите степени, во извештајната 2022 година исто така

е проширена со три нови иматели со што вкупниот број на овие институции изнесува 582.

Листата со државни институции, како и минатата извештајна година изнесува 146 иматели, а исто така и делот со јавни претпријатија и установи каде има регистрирано 325 институции. Линкот со Здравствени установи во Република Северна Македонија содржи 110 иматели, додека непроменет е бројот на иматели кај 57-те политички партии евидентирани во единствениот судски регистар на политички партии. Имателите од Судската власт остануваат со 67 субјекти, како и делот со Општини со Центри за развој на плански региони, каде бројот на иматели е 88. Треба да потенцираме дека Листата на иматели е менлива и бројот на институции објавени во неа зависи од нови субјекти кои ќе бидат детектирани дека со својата надлежност вршат дејност од јавен интерес.




**Графикон 4: Листа на иматели на информации од јавен карактер**

### 4.4.4. Годишни извештаи на имателите

Во законски предвидениот рок, годишен извештај во законски предвидениот рок ја испочитуваа 1.404 имател или 96,86% од вкупно **1.449–те** иматели колку што се евидентирани на Листата на иматели во 2022 година. Податоци кои што не се согласно Законот за СПИЈК, во своите извештаи прикажуваат 3 иматели од вкупниот број на доставени извештаи, односно беа невалидни, поради што податоците содржани во нив не се дел од Извештајот.

Законската обврска која што произлегува од членот 36 од Законот, не ја испочитуваа службените лица на вкупно 45 институции, и покрај четирите потсетувања за доставување на образецот за годишен извештај доставени до нив, поради што не е можно да се утврди дали до овие иматели биле поднесени барања од страна на барателите. Зголемен тренд на доставување

на поголем број на извештаи, кој ако го споредиме со извештајната 2021 година кога **111** иматели не доставија извештај за имплементација на Законот, ќе забележиме дека годинава бројот на недоставени извештаи е само **3,11%** од вкупниот број на иматели. Можеме да констатираме дека разликата е воочлива, а за оваа подобрена имплементација во доставување на годишни извештаи имаа прекршочните одредби спроведени против службените лица кои игнорантски се однесуваа во извештајната 2021 година.




**Графикон 5: Број на Годишни извештаи**

Службените лица кај сите **88** иматели евидентирани кај единиците на локалната самоуправа, вклучително градот Скопје, Заедницата на единиците на локалната самоуправа (ЗЕЛС) и Центрите за развој на планските региони, со што се единствените иматели кои во целост ја исполнија обврската да дадат отчет за својата имплементација на слободниот пристап до информациите од јавен каратер. Само **еден** имател од **67-те** евидентирани органи на судската власт не поднесе годишен извештај. Оваа извештајна година од вкупно **146** државни институции само **3** иматели не поднесоа извештај во законскиот рок. Подобрување во почитување на законската обврска за доставување на годишен извештај оваа година покажаа службените лица кај образовните институции од сите степени на образовниот систем и од **582** иматела извештај доставија **567** иматели, додека само **15** службени лица не постапија по обврската да достават извештај до Агенцијата.

Законската обврска од евидентираните 110 здравствени установи, до Агенцијата ја исполнија 107 извештаи. Само 3 здравствени институции не поднесоа отчет за имплементација на пристапот до информации од јавен карактер во однос на својата работа. Како ја почитуваат законската обврска да постапуваат по барања поднесени до јавните претпријатија ја покажаа 316 иматели, додека само 9 институции не доставија годишен извештај од вкупно 325-те евидентирани субјекти. Големо подобрување за разлика од минатата година во имплементација на законската обврска има и кај правните и физички лица кои вршат јавни овластувања и дејност од јавен интерес, и годишен извештај до Агенцијата доставија 72 иматела, додека само 2 субјекта не ја испочитуваа обврската која произлегува од Законот. Од регистрираните 57 политички партии, извештај доставија 45, а годишни извештаи не доставија службените лица кај 12 иматели. Службените лица кај 8 иматели, како и во извештајната 2021 година, и покрај прекршочните постапки против нив и оваа извештајна година не доставија отчет преку кој ќе ја прикажат својата реактивна транспарентност во однос на поднесените барања од страна на барателите.

Во 2022 година од примените и обработени извештаи (вкупно 1.404), кои до Агенцијата ги доставија имателите, покажуваат дека до нив се поднесени вкупно 7.286 барање, од кои на 6.915 е позитивно одговорено во законскиот рок. Извештаите покажуваат дека оваа извештајна година до имателите, за разлика од минатата година, поднесени се 1.624 барања помалку. Намалениот број на барања до имателите, оваа извештајна година, е резултат на активностите на Агенцијата за промовирање и поттикнување на институциите за што поголема примена на проактивната транспарентност, преку објавување на што поголем број на информации на нивните веб страници. Проактивното објавување на информации придонесува кон зголемување на транспарентноста, затоа што го подобрува пристапот до информации од јавен карактер, но и нивниот квалитет, затоа што на ваков начин се подобруваат условите и можностите за јавно учество и влијание врз процесите на креирање на политики и носење на јавни одлуки, а придонесува и за подобрување на јавната отчетност, бидејќи ги подобрува правилата, прописите и механизмите за јавна одговорност на одговорните лица во институциите.

Во извештаите, службените лица, поднесуваат податоци и за исклучоците од слободниот пристап пропишани во членот 6, или пак со други законски прописи, и биле причина за одбивање или отфрлање на пристапот и тоа за 246 барања, што е за 49 барања повеќе од минатата извештајна година. Исто така, во своите извештаи имателите прикажуваат и податоци за 112 неодговорени барања, како и за 13 барања кои се пренесени

за постапување во 2023 година, а кои се примени пред самиот истек на календарската 2022 година.




**Графикон 6: Постапки по барања**

Во извештаите на имателите се содржани податоци, според кои, барателите во знак на незадоволство од постапувањето на службените лица, вложиле 214 жалби против првостепени одлуки на имателите, а од кои по разгледувањето со одлука од страна на Агенцијата биле усвоени 142 жалби. Службените лица прикажуваат и за 40 преиначени првостепени одлуки по постапувањето на Агенцијата, за 28 одбиени жалби од страна на Агенцијата, како и за 16 отфрлени жалби од нејзина страна.

Во годишните извештаи на Единиците на локална самоуправа и планските региони службените лица известуваат дека до нив се поднесени 2.458 барања, што оваа извештајна година имателите добиле најголем број на барања, но за 160 барања помалку во однос на претходниот извештаен период. До државните институции од страна на барателите биле доставени 2.087 барања, што претставува намалување за 913 барања од извештајната 2021 година. Со најголем број на барања оваа година е Министерството за внатрешни работи или 193 примени барања, а следат Агенцијата за млади и спорт со 121 барање, Министерството за труд и социјална политика со 93 поднесоци и Министерството за здравство со 93 барања.Судските власти известуваат дека за 467 барања е намален интересот на барателите за нивната работа и оваа година се поднесени 730 поднесоци за слободен пристап до информации од јавен карактер. Намалување за 239 поднесени барања има и до здравствените институции каде службените лица известуваат за примени 608 барања. Кај работата на образовните институции од сите степени, барателите покажале еднаков интерес со

минатата извештајна година и до нив биле поднесени 364 барања. Барателите оваа извештајна година најмал интерес покажале за делувањето на политичките партии од каде службените лица известуваат за само 42 поднесени барања, за разлика од лани кога барателите доставиле 276 барања. Незначително зголемување има кај јавните претпријатија и установи кои прикажале 843 барања што е за 17 поднесени барања повеќе од извештајната 2021 година. Зголемен интерес барателите покажале за информациите кои ги создале и со кои располагаат имателите кај правните и физички лица кои вршат јавни овластувања и дејност од јавен интерес, а чии што службени лица евидентирале 154 барања, што е за 51 барање повеќе од минатата извештајна година.




**Графикон 7: Број на поднесени барања до иматели**

До Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап до информациите од јавен карактер како имател на информации беа доставени 6 барања, кои беа позитивно одговорени во законскиот рок.

И оваа извештајна година, Агенцијата известува за спроведување на заложбата „Проактивно објавување на информациите од јавен карактер на веб страниците на институциите" од Акцискиот план за Партнерство за Отворена власт 2021-2023 година, која ја имплементира во соработка со Центарот за граѓански комуникации. Агенцијата повторно во доставениот Образец за Годишен извештај до сите иматели на информации го содржеше делот во кој на имателите им беше укажано да известат, односно да ги прикажат линковите до кои граѓаните односно барателите ќе можат да

пристапат до бараните информации, а кои се наведени во членот 10 од Законот на нивните веб страници.

Една од целите на оваа заложба е Агенцијата да го следи проактивното објавување на информациите од страна на имателите и нивната законска обврска да го почитуваат и имплементираат членот 10, односно 22-те категории наведени во него. Од страна на државните институции, обврската ја исполнија 119 иматели, 17 недоставија известување за нивната проактивност, 7 се делумно транспарентни, додека за 3 иматели нема податок од причини што имателите не доставија извештај за нивната имплементација на законската обврска.

Службените лица кај 60 единици на локалната самоуправа и Центрите за развој на планските региони известуваат за својата проактивна транспарентност, додека 23 иматели не доставија линкови за почитување на членот 10. Делумно транспарентни се 5 иматели. Судската власт е проактивна кај 25 иматели, 3 иматели се делумно транспарентни, а 38 не прикажуваат податоци за проактивното објавување на информации од јавен карактер. За 1 иматели не може да се прикаже транспарентноста од причини што истиот не достави извештај во законски предвидениот рок.

Од здравствените институции 7 иматела доставија извештај за оваа обврска, 8 се делумно транспарентни, а 92 иматели не доставија линкови за да се мониторира нивната транспарентност. 3 иматели не доставија извештаи до Агенцијата во законскиот рок. Службените лица кај 24 иматели од правните и физички лица кои вршат јавни овластувања и дејност од јавен интерес известуваат за својата транспарентност, 9 се делумно отчетни, додека 39 не известија за нивната проактивност во работата. 2 иматела не доставија Годишен извештај. Само 6 политички партии известуваат за својата проактивна транспарентност, 4 се делумно, додека 35 не известија за имплементација на членот 10 од Законот. По однос на проактивната транспарентност извештај не доставија 12 иматели.

Кај јавните претпријатија проактивна транспарентност прикажаа 47 иматела, 31 се делумно транспарентни, а 238 иматели не ја испочитуваа оваа обврска во своите извештаи, додека 9 иматели не доставија годишен извештај. Од образовните институции 484 иматели не се проактивно транспарентни, делумно се 37 иматели, а само 46 известуваат за својата транспарентност кон барателите на информации. Службените лица кај 15 иматели не доставија извештаи за имплементација на Законот, а воедно и не известија за својата проактивна транспарентност.

### 4.4.5. Содржина на Годишни извештаи

Имателите во своите годишни извештаи известуваат за природата на барањата кои биле доставени до институциите и од поднесените барања може да се заклучи дека барателите покажале интерес за барања од сите сфери на општественото живеење. Барателите на информации најголем број на барања (4.545), доставиле до државните институции и единиците на локалната самоуправа, со што во континуитет се најинтересни во однос на нивното работење и функционирање за граѓаните. Барателите најчесто се интересирале за работата на локалната самоуправа и тоа за: колку и кои детални урбанистички планови ги донела одредена општина, колку и кои ДУП-ови и ГУП-ови се во фаза на донесување и во која фаза конкретно моментално е секој од нив, доделени дозволи за градби, завршни сметки за буџетите на општините, за постапките со јавни набавки, за доделени проекти и финансиски средства кои се однесуваат на културата, здруженија на граѓани, за работата на медиумите, како и информации за Планот за управување со Светско и културно наследство на Охридскиот регион со Акциски план (2020-2029). До здравствените институции барањата кои се доставени до нив се однесуваат за тоа кои и за што се спроведени јавните набавки во институциите, податоци за средства доделени за лекување на ретките болести, за маргинализирани групи, за нивното финансиско работење.

Барателите покажале интерес и за работењето на државните институции. Барањата се однесувале на тендери за јавни набавки, за набавки на медицински средства и вакцини, тендери за набавка на енергенси и информации од нивната надлежност, податоци за членови на надзорни и управни одбори и висина на нивните надоместоци. Најголем интерес кај барателите е покажан за добивање на информации поврзани со тендерите за ископ на јаглен, за набавка на електрична енергија, природен гас и информации поврзани со набавката и дистрибуцијата на енергенсите кај правните и физички лица кои вршат дејност од јавен интерес.

### 4.4.6. Нецелосни извештаи и евидентирани неправилности

Извештаите на три иматели од образовните институции, правни и физички лица кои вршат дејност од јавен интерес и јавните претпријатија и установи се нецелосни и како такви не беа земени во предвид при изготвувањето на Годишниот извештај на Агенцијата. Во извештаите на основното училиште „Тошо Арсов“ од Штип, Боксерската федерација на Македонија и Јавната установа Меѓуопштински центар за социјална работа од Дебар се содржани податоци кои се однесуваат од нивната надлежност,

како и информации кои се однесуваат на нивното финасиско работење, финасиски извештаи, и од наведените информации во нивните извештаи може да се заклучи дека до наведените иматели не биле поднесени барања по основ на Законот за СПИЈК. Службените лица во наредниот период ќе бидат поканети на обуките кои Агенцијата ги организира за да бидат запознаени кои информации се потребни да ги наведат во иднина кога ќе го пополнуваат извештајот за имплементирање на законот.

### 4.4.7. Соработка со службени лица кај имателите

И во извештајната 2021 година Агенцијата интензивно соработуваше со службените лица, како еден од основните предуслови за поуспешно имплементирање на Законот за СПИЈК. Вработените постојано беа достапни за службените лица помагајќи им поуспешно да одговорат на нивните делегирани надлежности. Контактите беа искористени за појаснување на законските обврски кои се однесуваат на обврските на службените лица, за начинот на кој се овластува новото службено лице, но и за правилното пополнување и заверување на образецот за годишен извештај со потпис на службените лица, односно со делегирањето на надлежностите кои како службени лица ја имаат новоназначената законска обврска. Оваа континуирана комуникација ги олесни дилемите и пропустите кои се јавуваат кај новоназначените службени лица за што подобра имплементација на законот, а се јавуваат од недоволната упатеност на службените лица во за нив новата проблематика. Како позитивен пример на институции кои самоиницијативно доставија барања да бидат дел од Листата на иматели, односно иматели кои ќе го имплементираат слободниот пристап во својата работа се: **КИЦ „Романса“-Македонска Каменица, Друштво за снабдување со топлинска енергија ЕСМ Снабдување со топлина ДООЕЛ Скопје, Општинско основно училиште „Никола Карев“-Радовиш, Општинското основно музичко училиште-Струга и ЈОУДГ „Срцко“-Лозово.** Агенцијата како и секоја извештајна година, иако нема законска обврска, изготви Потсетник за доставување на Годишниот извештај, кој заедно со пропишаниот Образец пред истекот на календарската година, по електронски пат го достави до иматели и нивните службени лица. Службените телефонски линии до истекот на рокот предвиден за доставување на годишните извештаи функционираа на кои службените лица кај имателите се консултираа за нејаснотиите кои им се јавуваат при пополнувањето на Образецот за извештај.

И оваа извештајна година, Образецот го содржеше дополнувањето кое е изготвено согласно Националниот акциски план за Партнерство за Отворена Власт и заложбата „Проактивно објавување на информациите од јавен карактер на веб страниците на институциите“, за чие имплементирање е обврзана Агенцијата. Со заложбата, службените лица кај имателите на информации од јавен карактер требаа да ги внесат линковите до 22-те категории на документи содржани во членот 10 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер. Овој прилог се однесуваше само на имателите на информации од јавен карактер кои имаат веб страници. Во текот на извештајната година 107 иматели доставија Решенија за назначување на нови службени лица и за истите беа одржани обуки за запознавање со Законот и неговото имплементирање во пракса.

### 4.4.8. Обука и едукација

Постапувајќи согласно одредбите од член 30 став 1 алинеа 7 од ЗСПИЈК, Агенцијата и во текот на 2022 година, во насока на остварување на уште една од своите законски надлежности, спроведе активности на планот на едукација на имателите на информации од јавен карактер, за правото на слободен пристап до информациите.

Агенцијата продолжи со едукација на службените лица кај имателите на информации од јавен карактер на централно и на локално ниво, овозможувајќи им бесплатни он-лајн обуки околу постапувањето по одредбите од ЗСПИЈК.

Преку ZOOM платформата, Агенцијата во два периодични циклуси од месец јануари до месец јуни првиот циклус, а од месец септември до месец декември вториот циклус, одржа вкупно **19** обуки, преку претходно изготвена програма за обуки на службени лица за посредување со информации од јавен карактер за 2022 година, која ја објави на својата веб страница. На обуките беа поканети службени лица за посредување на информации од институциите/иматели на информации.

Во рамки на обуките, Агенцијата особено стави акцент на должноста на имателите на информации за нивно проактивно делување во насока на објавувањето на сите информации од јавен карактер со кои тие располагаат. Притоа им беше укажувано на бенефитите кои истите ќе ги искористат практикувајќи транспарентност и отвореност во своето работење.

На спроведените обуки, беа поканети и службени лица за посредување со информации на иматели кои за прв пат се појавуваат на Листата на иматели и службени лица кои се новоназначени во институциите на веќе постоечките иматели на информации. Свое присуство на обуките земаа и

службените лица кои и покрај тоа што имаат посетувано обуки, изразиле интерес и потреба одново да бидат дел од новите обуки, како и службените лица од институции за кои Агенцијата забележа дека во претходниот период не биле доволно успешни или потешко се справувале во постапувањето по барања за пристап до информации од јавен карактер. Главна цел на обуките беше оспособување службените лица кај имателите на информации, како правилно и навремено да одговараат по барањата за слободен пристап до информации од јавен карактер, согласно ЗСПИЈК. Специфични цели на обуките беа службените лица да се запознаат и низ практични вежби да се обучат за: донесување на управни акти засновани врз Закон, запознавање со целите и активностите на Агенцијата и воспоставување на меѓусебна соработка, за проактивното објавување на информациите од јавен карактер, изработка и постапување по барања за слободен пристап до информации од јавен карактер преку искуствени вежби, симулации на спроведување на тестот на штетност, како дел од процесот на постапување по барања за слободен пристап до информации, запознавање со процедурата за постапување по жалби во второстепениот орган, како и вежби со практични примери (предмети) од искуството на Одделението во Агенцијата кое е ангажирано во управното постапување.

Со обуките беа опфатени службени лица од сите категории иматели на информации, од централно до локално ниво и тоа: државни институции, судска власт, општини и центри за развој на плански региони, здравствени установи, јавни претпријатија и установи, образовни институции, правни и физички лица кои вршат јавни овластувања и дејност од јавен интерес.

Свои претставници на обуките пријавија 257 институции (некои и со повеќе учесници) додека некои службени лица од имателите на информации, иако уредно поканети, не се одзваа на бесплатните обуки.

Агенцијата нагласува дека обуките кои се организираат се БЕСПЛАТНИ и апелира до службените лица, а пред се до одговорните лица кај имателите на информации, редовно да се пријавуваат на обуките на електронската адреса: obuki@aspi.mk, која Агенцијата ја има отворено со цел службените лица самоиницијативно да се пријавуваат за учество на обуките, од едноставна причина што преку овие обуки ќе се запознаат со постапката за подобра имплементација на ЗСПИЈК, а се во интерес на граѓаните и нивното право да се информираат за работењето на институциите.

## 4.5. Обуки за вработените

Вработените во Агенцијата во извештајната 2022 година земаа учество во обуки, работилници и вебинари кои беа организирани од страна на државни институции, обуки организирани во рамки на соработката со

граѓански организации, како и обуки реализирани во рамките  на ИПА 2 проектот, а во врска со имплементирање на алатки кои се потребни за нивната тековна работа. Обуките беа организирани за подготовка на проекти за гранд поддршка од ЕУ и други донаторски програми, обука за обучувачи, за промовирање на транспарентност и одговорност на јавната администрација, искуствата на ЕУ Народен правобранител, користење на DMS системот во Агенцијата, новите геополитички последици од дезинформациите во Западен Балкан,за спроведување на политика на интегритет, поддршка во спроведувањето на модернизираната правна рамка за заштита на личните податоци, градење услуги насочени кон граѓаните за дигитална иднина, како клучни помагачи за зајакнување/подобрување на дигитализацијата на испораката на јавни услуги во регионот на Западен Балкан и како да се прошири употребата и да се подигне свеста за дигиталната иднина и како да се користи за прекугранични услуги.

### 4.5.1. Веб локација на Агенцијата

Веб локацијата и оваа извештајна година продолжи да ја промовира проактивноста во работата на Агенцијата. Е-порталите наменети за барателите и имателите на информации, кои стануваат препознатливи од страна на корисниците, во 2022 година беа користени од сите чинители кои го ползуваат и имплементираат слободниот пристап до информации од јавен карактер.

Агенцијата информира дека граѓаните/барателите на информации од јавен карактер го препознаа Порталот за баратели- http://slobodenpristap.mk/ како алатка за брз начин да ја добијат бараната информација која ја поседуваат имателите на информации. Податоците од едногодишното имплементирање на оваа алатка покажува дека преку Порталот за баратели се поднесени 93 барања од страна на баратели на информации до имателите на информации од јавен карактер. Радува фактот што 2 барања за слободен пристап поднеле и странски лица, што го овозможува и самиот Закон за слободен пристап до информации од јавен карактер. Правни лица поднеле 2 барања преку порталот. Најмногу, 38 барања, се поднесени до Општина Прилеп и 5 барања до Општина Центар. Барателите го искористиле своето уставно право со поднесување на барања за пристап до информации од јавен карактер до сите иматели на информации и тоа до државни институции, општини, здравствени институции, иматели од судската власт, јавни претпријатија и установи, како и до имателите од образовните институции и правни и физички лица кои

вршат јавни овластувања и дејност од јавен интерес. Барателите имаат право да побараат информации од било кој имател на информации од јавен карактер и да добијат одговор. Овој портал за Слободен Пристап им помага елекронски да креираат и испратат барање за слободен пристап до информации од јавен карактер. Сите креирани барања се јавно достапни на порталот и барателите можат да се запознаат со барањата кои биле поднесени до имателите на информации.

Порталот за иматели, Агенцијата го користеше за комуникација со имателите, преку кој беа доставени потсетници за доставување на годишниот извештај до сите евидентирани иматели од Листата на иматели, како и Заклучокот донесен на Шеесет и третата седница на Владата на РСМ со кој Агенцијата побара од сите иматели на информации да направат листа на најчесто побарувани податоци согласно Законот за слободен пристап до информациите од јавен карактер во период од 1.1.2020 до 30.06.2022 година, со исклучок на веќе објавените податоци согласно членот 10 од Законот. Преку порталот во законски предвидениот рок за доставување на Годишни извештаи оваа своја обврска ја исполнија 137 иматели. Алатката, имателите ја користеа и да поставуваат прашања до Агенцијата поврзани со нејзините надлежности, а во врска со имплементација на членовите 8 и 36 од Законот. Агенцијата ги повикува барателите и имателите и понатаму да ги користат Порталите за да го креираат своето барање со цел да ја добијат потребната информација од јавен карактер и на брз и ефикасен начин да ги исполнат своите законски обврски поврзани со имплементација на Законот.

Агенцијата преку својата веб локација и во извештајната 2022 година ги информираше граѓаните за своите активности, како и за изготвените анализи и извештаи од својот делокруг на работа. Во делот ПУБЛИКАЦИИ беа објавени изготвените мониторинзи за проактивното објавување на информации на веб локациите на имателите согласно членот 10 од судската власт и државните институции.

На веб локацијата, Агенцијата ја продолжи праксата на објавување на информациите од своето финасиско работење во отворен формат, како и за податоци од Годишниот извештај, со што нејзиното проактивно работење е додадена вредност во имплементирањето на слободниот пристап до информации од јавен карактер.

### 4.5.2. Јавност во работата

Својата препознатливост во јавноста, Агенцијата на транспарентен начин ја подигна својата работа во јавноста преку голем број на активности и соработки со граѓански организации, новинари и институции.

Во утринската програма на телевизија „Телма“, директорката Бојчева имаше гостување во кое говореше за слободниот пристап до информации од јавен карактер и ги запозна гледачите со нивното уставно загарантирано право да бараат и добиваат информации од институциите/иматели на информации.

Директорката на Агенцијата, Бојчева и генералниот секретар, Тања Ковачев, оствариja средба со Заменичката на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжена за политики за добро владеење, Славица Грковска. На средбата, претставниците на Агенцијата ја истакнаа добрата соработка и партнерскиот однос со Генералниот секретаријат на Владата, за унапредување на правото на пристап на информации од јавен карактер, што произлегува од потпишаниот Меморандум за соработка меѓу овие две институции.

Во Утринската емисија на Телма гостуваа Тања Ковачев, генерален секретар на Агенцијата и Катица Михајловиќ - проектен менаџер при Association For Democratic Initiatives (ADI) во која ги запознаа гледачите со тековните активности кои се реализираат со поддршка на Проектот на УСАИД за граѓанско учество со цел промовирање на достапните алатки и процедури за остварување на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер.

Директорката на Агенцијата и претседателката на Судскиот совет, Павлина Црвенковска, потпишаа Меморандум за соработка за зголемување на активната транспарентност на судовите во насока на доследно спроведување на одредбите од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер и остварувањето на правото на граѓаните за слободен пристап до информации.

Агенцијата, согласно своите надлежности и согласно потпишаниот Меморандум за соработка со Судскиот совет за зголемување на активната транспарентност на судовите во насока на доследно спроведување на одредбите од Законот за СПИЈК и остварувањето на правото на граѓаните за слободен пристап до информации, спроведе мониторинг на интернет страниците на основните, апелационите судови, Управниот суд, Вишиот управен суд, Врховниот суд и Судскиот совет во врска со почитување на членот 10 од Законот.

Директорката Бојчева, имаше обраќање на панел сесијата посветена на „Етика и анонимизација на податоците“ на меѓународната конференција Open Data Conference во Скопје, во организација на Фондацијата „Метаморфозис“-Скопје. Оваа конференција беше фокусирана на темата „Податоците и културата на отвореност“. Во воведното обраќање Бојчева потенцира дека „кога имателите на информации од јавен карактер се отворени кон јавноста, граѓаните непречено дознаваат што и како работат

органите на државната власт и другите установи и институции. Со тоа им се овозможува рамноправно да учествуваат во јавниот живот и континуирано да го контролираат работењето на властите“.

Директорката и генералниот секретар на Агенцијата, оствариja средба со Заменичката на претседателот на Владата, задолжена за политики за добро владеење, Славица Грковска и делегација од Естонија, предводена од Улар Јаксо. На средбата беа споделени искуства за тоа како да ја зголемиме транспарентноста на институциите  и за дигиталната трансформација на општеството.

Агенцијата подготви шестмесечен Извештај за реализираните активности произлезени од законските надлежности за периодот јануари-јуни 2022 година. Како второстепен орган во процесот на имплементација на остварувањето на правото на пристап до информации од јавен карактер, Агенцијата пред себе го има најголемиот предизвик, кој произлегува од основната надлежност – да води управна постапка и да одлучува по жалби од барателите на информации поднесени против имателите на информации, во случаите кога имателите на информации не постапиле согласно одредбите на Законот за слободен пристап до информациите од јавен карактер.

Директорката Бојчева, имаше интервју за Балканска истражувачка репортерска мрежа-БИРН Македонија кое беше користено како дел од методологијата за подготовка на програмските активностите на БИРН.
Агенцијата изготви Извештај за спроведената анализа за унапредување на транспарентноста и отчетноста на имателите на информации за слободен пристап до информациите од јавен карактер. Согласно Заклучокот донесен на Шеесет и третата седница на Владата на РСМ одржана на 20.07.2022 година, и се укажува на Агенцијата да побара од сите иматели на информации да направат листа на најчесто побарувани податоци согласно Законот за слободен пристап до информациите од јавен карактер во период од 1.1.2020 до 30.06.2022 година, со исклучок на веќе објавените податоци согласно членот 10 од Законот. До сите 1445 иматели на информации, објавени на Листата на иматели на информации, Агенцијата достави барање, најдоцна до 10 август 2022 година да постапат по Заклучокот на Владата на РСМ.

Директорката и генералниот секретар на Агенцијата, оствариja работна средба со министерот за информатичко општество и администрација, Адмирим Алити. На средбата се разговараше за зголемување на одговорноста во зајакнувањето на транспарентноста на институциите како критичен фактор за намалување на корупцијата и професионалноста на јавната администрација, вклучително и ефикасноста на услугите кон граѓаните.

Во организација на Центарот за управување со промени, а во соработка со Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап до информациите од јавен карактер и Заменик претседател на Владата на Република Северна Македонија задолжена за политики за добро владеење, се одржа конференција на тема „Подобрување на системот за слободен пристап до информации од јавен карактер“. Целта на конференцијата беше да се презентира Анализата на најчесто побаруваните податоци преку инструментот за слободен пристап до информации од јавен карактер, како и да се поттикне проактивниот пристап на имателите на информацции од јавен карактер за објавување на информациите од јавен интерес. На првиот панел беше презентирано нацрт Упатството за подобрување на транспарентноста на институциите од јавниот сектор, врз основа на анализата, којашто ја изготви Центарот за управување со промени во соработка со Агенцијата за слободен пристап до информации од јавен карактер. Во овој процес ќе биде изготвен и список на информации кои понатаму ќе станат обврска да бидат објавувани на веб страниците на институциите, за што подобар пристап до информациите со кои располагаат, а воедно ќе ја подобри проактивната транспарентност на имателите на информации.

Претставници на Агенцијата земаа активно учество на тркалезната маса на тема: „Стандарди на интегритет во јавниот сектор според Конвенцијата на Обединети нации против корупцијата (членови 7, 8 и 10)“, во организација на Министерството за правда, со поддршка на УНДП.

Претставници на Агенцијата одржаа работна средба на со делегацијата на SIGMA/OECD и невладиниот сектор. Мисијата на SIGMA/OECD е да се запознае со функционирањето на управните судови во земјите од Западен Балкан и за тоа какво влијание имаат нивните одлуки врз работата на институциите, а особено во постапките поврзани со слободниот пристап до информации од јавен карактер.

Согласно Акцискиот план за спроведување на Стратегијата за реформа на јавната администрација 2018-2023 година, во посебната цел Мерка 3.4.1.6. Зајакнување на механизмите за достапност на информациите од јавен карактер, Агенцијата спроведе мониторинг на веб локациите на имателите од централна власт за 2022 година. Цел на мониторингот беа 22-те категории на информации, согласно член 10 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер и нивното доследно објавување на веб страните на имателите на информации.

Агенцијата и Здружението „Новинари за човекови права“–НЧП, потпишаа Меморандум за соработка. Меморандумот за соработка предвидува заедничка соработка на Агенцијата и Здружението, како и на други државни иституции, во однос на пристапот за слободен пристап до

информациите од јавен карактер како алатка за побрзо добивање на институционални информации кои се однесуваат на заштитата на децата од исчезнување.

Директорката Бојчева беше дел од емисијата „25 минути“ на телевизија 24 на тема: „Нетранспарентни институции- второ име за корупцијата“.

# 5. МЕЃУИНСТИТУЦИОНАЛНА И МЕЃУНАРОДНА СОРАБОТКА И ПРОЕКТИ НА АЗПСПИЈК ВО 2022 ГОДИНА

Агенцијата за периодот 1 јануари до 31 декември 2022 година од аспект на меѓуинституционална и меѓународната соработка, покрај релизацијата на ИПА2 активностите од проектната апликација, континуирано ги одржуваше веќе воспоставените релации со своите меѓународни соработници и сродни институции, како и учествуваше во работни групи, обуки, подготовки на извештаи и реализација на бројни проектни активности.

## 5.1. МЕЃУИНСТИТУЦИОНАЛНА СОРАБОТКА НА АЗПСПИЈК ВО 2022 ГОДИНА

### 5.1.1. Билатерал скрининг за реформа на јавната администрација и Функционирање на демократските институции

На билатералните средби учествуваа клучните институции кои се директно вклучени во скрининг процесот, меѓу кои учесници беа и претставници од Агенцијата и тоа на билатералниот скрининг за Реформа на јавната администрација, поглавје 32 – Финансиска контрола и за Функционирање на демократски институции, Кластер Фундаментални вредности.

Генералниот секретар на Агенцијата, Тања Ковачев, учествуваше на билатералниот скрининг со Европската Комисија за РЈА и поглавјето 32 – Финансиска контрола.Билатералниот скрининг за реформа на јавната администрација претставува еден од клучните приоритети, дел од Копенхашките критериуми и важен предуслов во процесот на европската интеграција на Република Северна Македонија во ЕУ.

Модернизацијата и унапредувањето на државната и јавната администрација се постојано важни и се гледаат како основа на целиот јавен сектор од кој зависат процесите и развојот на едно демократско општество.

Додека на скринингот во рамките на Функционирање на демократските институции, Кластер Фундаментални вредности, која област е за прв пат претставена со новата ревидирана методологија за преговори, презентација одржа Петар Гајдов, Помошник Раководител на Сектор во Агенцијата.

Подготвените презентации кои беа претставени од страна на претставниците на АЗСПИЈК беа одлично оценети.
Агенцијата и понатаму останува посветена на јакнењето на транспарентноста, отчетноста и отвореноста на институциите, во интерес на градење демократско општество, темелено на европски вредности.

### 5.1.2. Стратегија за реформа на јавната администрација 2018 – 2022

Во 2022 година, Агенцијата како дел од Стратегијата за Реформа на Јавната Администрација доследно известуваше за превзементите активности кои се однесуваат на АЗСПИЈК, а се дел од горенаведената стратегија.

Како активен член на работната група, Агенцијата подготви ажуриран статус на индикаторите, спроведе мониторинг на веб страните на државните институции, подготви и достави материјали за извештајот во зададените рокови од страна на МИОА и учествуваше на сите работни состаноци.

Во Акцискиот план на Стратегија за реформа на јавната администрација 2018 – 2022 СРЈА, Агенцијата е носител на активности наведени во Посебна Цел 3.4. "Зајакната транспарентност на институциите и подобрување на комуникацијата помеѓу институциите и граѓаните и бизнис заедницата", за кои се изготвени Пасошки индикатори за Мерка 3.4.1, за активности кои се однесуваат за Агенцијата, поточно Активност 3.4.1.5 и Активност 3.4.1.6. Согласно Акцискиот план за спроведување на Стратегијата за реформа на јавната администрација 2018-2023 година, во посебната цел предвидена е Мерка 3.4.1.6. Зајакнување на механизмите за достапност на информациите од јавен карактер.

Измерените вредности за пасошките индикатори 47, 48 и 49 за 2022 година согласно Акцискиот план од СРЈА 2018-2022 година, а кои се однесуваат на АЗСПИЈК, се со следните вредности и тоа за:

**- ПАСОШКИ ИНДИКАТОР 47 -2022(5%)**
*% на одбиени барања за пристап до информации од јавен карактер од страна на институциите*

Од категоријата државни инситутции на централно ниво на иматели на информации, годишен извештај доставиле 143, додека 3 иматели не поднеле извештај за имплементацијата на ЗСПИЈК, односно 2,1%. До овие институции, барателите на информации поднеле вкупно 2087 барања од кои 103 се одбиени, односно 4,9% за 2022 година.

## - ПАСОШКИ ИНДИКАТОР 48 – 2022 (62,3%)

*% на институции кои на своите веб страници редовно ги објавуваат и ажурираат докумените кои се обврзани да ги објавуваат и ажурираат согласно законските прописи*

Агенцијата согласно Листата на иматели како и секоја година спроведе мониторинг на веб страните на имателите од категоријата Државни институции.

Следењето на проактивната транспаретност се спроведува согласно утврдена Методологија за мониторинг на веб страните на имателите на информациите за исполнување на законската обврска за задолжително објавување на 22 категории документи согласно член 10 од ЗСПИЈК.

Во 2022 година од вкупно 144, беа мониторирани 116 иматели кои имаат веб страни. Во Извештајот од мониторингот на државни институции за 2022 година, во кој е содржана компаративна листа од спроведениот мониторинг во 2021 и 2022 година, од вкупно 120 мониторирани институции на државно ниво, за 2022 година Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство е бодувано со најголема транспарентност на својата веб страница, согласно членот 10 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер.

**Споредбена табела на резултати од мониторинг на државни институции за 2021-2022 година**

| РБ | ИНСТИТУЦИЈА | БОДОВИ 2021 | БОДОВИ 2022 | ЛЕГЕНДА |
|---|---|---|---|---|
| 1 | Министерство за земјоделство,шумарство и водостопанство | 28,5 | 49,5 | ИНСТИТУЦИИ СО ВИСОКО НИВО НА ТРАНСПАРЕНТНОСТ |
| 2 | Министерство за одбрана | 45,5 | 48,5 | |
| 3 | Министерство за финансии | 42,5 | 45,5 | |
| 4 | Фонд на пензиското и инвалидското осигурување на Република Северна Македонија | 42,0 | 45,5 | |
| 5 | Државен пазарен инспекторат | 42,0 | 45,0 | |
| 6 | Министерство за труд и социјална политика | 46,5 | 45,0 | |
| 7 | Агенција за катастар на недвижности | 40,5 | 45,0 | |
| 8 | Влада на РСМ -Генерален секретаријат | 48,0 | 45,0 | |

Ова Министерството во минатата година беше во редот на институции со ниско ниво на транспарентност, што покажува дека со објавување на информациите на проактивен начин имателите можат да ја зголемат својата

проактивност и отчетност пред се за граѓаните, а на овој начин и пристапот до информации од јавен карактер ќе биде на лесен и пристапен начин достапен до барателите.

Останати анализи во рамките на мониторингот се:

- констатирано е дека кај најголем дел од веб страниците на имателите не е објавен банер за пристап до информации на почетната страна. Најчесто линкот до нив, институциите ги поместуваат во делот Односи со јавноста, Контакт и слични секции на веб страните.Од вкупно 120 мониторирани иматели 49 имаат објавено линк до Листата на 7 информации на почетната веб страна, а 70 немаат банер/линк.

- Само 54 иматели го имаат објавено образецот за Барање за слободен пристап до информации од јавен карактер, остатокот или го немаат обајвено или го имаат сеуште стариот образец согласно Законот од 2006 година и измените од 2010/15 година.

- Стратешки планови и стратегии имаат објавено 85 иматели. Годишни планови и програми за работа имаат објавено 60 иматели, додека предлог на документи (предлог на програми, програми, студии итн) на веб страните имаат 69 иматели.

- Биографија или податоците за функционерот или одговорното лице на веб страните имаат објавено 87 иматели, а немаат објавено 33.

- Податоци за својата надлежност и основните податоци за контакт со имателот на информацијата имаат објавено сите иматели.

- Годишниот извештај за пристап до информации од јавен карактер (2021 и 2020 година) го имаат поставено на своите веб страни 58 иматели, од кои по 58 и за 2021 и за 2020 година, додека 62 го немаат објавено согласно член 36 од ЗСПИЈК.

- За последните три години 81 имател ги има објавено годишните буџети, а 86 иматели ги имаат објавено информациите за завршните сметки. Квартални финансиски извештаи за тековната година имаат објавено само 3 иматели, а 59 институции ги имаат објавено ревизорските извештаи.

Заклучоците кои произлегоа од спроведениот мониторин се следните: Имателите од државните институции на своите веб страни треба да ги објавуваат редовно своите информации согласно своите надлежности и членот 10 од Законот.

Имателите од државните институции треба да ја подобруваат и зајакнуваат што повеќе својата проактивност кон граѓаните и информациите кои ги публикува да ги поставува во посебен банер/линк под наслов ЛИСТА НА ИНФОРМАЦИИ/СЛОБОДЕН ПРИСТАП ДО ИНФОРМАЦИИ, со што истите ќе бидат достапни до барателите и на тој начин ќе го намалат бројот на барања по слободен пристап до информациите од јавен карактер.

Следење на препораката е Пристапот до информациите од јавен карактер да биде брз и најмногу со три клика на барателот на информацијата, односно Листата на информации преку креирање на унифициран банер кој ќе ги содржи сите излинкувани потребни информации. Следење на законската обврска секциите со информации континуирано да се ажурираат и објавуваат нови содржини.
Оттука, апелираме до државните институции информациите да бидат лесно достапни за користење на граѓаните. „Информирани граѓани, задоволни граѓани", тоа е максимата за транспарентна државна власт.

- **ПАСОШКИ ИНДИКАТОР 49 - 2022 (92,7%)**

*% на решенија на АЗСПИЈК во однос на пристапот до информациите од јавен карактер кои се спроведени од страна на институциите*

Според методологијата на пресметка за овој индикатор произлегува дека 92,7% од институциите постапиле по решенијата на Агенцијата.

### 5.1.3. Подготовки на новата Стратегија за РЈА и Акциски план за 2023-2030

Во четвртиот квартал од 2022 година, преставници од АЗПСПИЈК како активен член на работната група на РЈА, беа присутни на сите подготвителни состаноци подржани од СИГМА и РеСПА наменети за подготовка на Наративниот дел на СРЈА 2023-2030, како и Мерките и Активностите за Акцискиот план и Пасошките индикатори.

Новитет оваа година е што во процесот на планирање и подготвување се бараат детални пресметки за потребните финансиските средства за реализација на наведените активности во Акцискиот план од СРЈА 2023-2030.

### 5.1.4. Меѓуинституционална соработка и правото на слободен пристап на веб страните на имателите

На Владата на РСМ, МИОА, како и на ДКСК Агенцијата им даде насоки и взаемно ги уредија веб страните на овие иматели на информации согласно член 9 и 10 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер.

Дадените насоки беа пред се во правец на поставување на банер на почетната страна насловен "Информации од јавен карактер", во кој се содржани документи од имателите од 22-те категории на информации согласно ЗСПИЈК и тоа во отворен формат и беа поставени видео материјали

и прирачници за едуцирање и информирање на јавноста за уставно загарантираното право на пристап до јавни информации, како и за обврските на службените лице кај имателот на информацијата.




Активноста започна по иницијатива на вработените во Агенцијата, но ефектот од соработката иницира потреба ваква активност да биде дел од активностите во Акцискиот план на СРЈА 2023-2030, односно активност која Агенцијата има потреба да ја прошири со поддршка од донатори.

## 5.2. МЕЃУНАРОДНА СОРАБОТКА И ПРОЕКТИ НА АЗСПИЈК ВО 2022 ГОДИНА

### 5.2.1. Членство на Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер во Меѓународната конференција на комесари за информации (ICIC)

Од 2022 година, Агенцијата е полноправен член на Меѓународната конференција на комесари за информации (ICIC).

Претседавачот и Секретаријатот на Меѓународната конференција на комесари за информации, со кој претседава Националниот институт за транспарентност, пристап до информации и заштита на лични податоци на Мексико (INAI), ја информираше Агенцијата за донесениот заклучок на Извршниот комитет на ICIC дека Агенцијата ги исполнува сите критериуми за подобност според Повелбата на Меѓународната конференција на комесари за информации. Следствено, таа е успешно акредитирана како нова членка на ICIC.

Агенцијата даде активен придонес кон Извештајот на МККИ (ICIC) кон тематскиот извештај на специјалниот известувач за слобода на мислење и изразување, Ирене Кан, на за 53-та сесија на Советот на човекови права на

ОН: „Слобода на мислење и изразување и одржлив развој – зошто гласот е важен?“

Надоврзувајќи се на претходната работа од овој мандат на специјалниот известувач Кан за родова правда, дигиталната технологија и слободата на медиумите, извештајот ќе се фокусира на правото на информации преку Интернет (*онлајн*) и локално (*офлајн*) како средство за зајакнување на транспарентноста и одговорноста на владите и институциите; еднакво и целосно учество на сиромашните и маргинализираните заедници во одржливиот развој и улогата на медиумите во промовирањето на одржливиот развој.

### 5.2.2. ИПА 2 ЕУ финансиран проект

Во рамките на ИПА 2 проектот „Транспаретност и Отчетност на Јавната Администрација во Република Северна Македонија“, реализиран со Европска поддршка, под Компонента 2, која Компонента се однесува на Агенцијата, во текот на 2022 година беа реализирани следните активности:

**I. Кампања на социјалните медиуми за промоција на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер**

Во рамките на оваа активност беа спроведен два прашалници еден во 2020 додека другиот во декември 2021 за истражување на јавното мислење и проценка на јавното знаење за право на слободен пристап до информации од јавен карактер, на репрезентативен број на луѓе, на локано и централно ниво на албански и македонски јазик. Истражувањата се содржани во подготвениот **Извештај од спроведено мерење на јавното мислење** кој беше објавен во јануари 2022, од кој издвојуваме 3 параметри како показатели за ефектите на спроведената кампања:

- Зголемени 57 % (во споредба со 42% во 2020 година) од оние кои сметаат дека правото на пристап до информации од јавен карактер е загарантирано со Уставот;

- Зголемени 44 % (во споредба со 33% во 2020 година) од оние кои знаат дека постои Закон за пристап до информации од јавен карактер;

- Зголемени 56 % (во споредба со 43% во 2020 година) од оние кои знаат дека имаат право да бараат информации од државните институции.

Горенаведените добиени резултати го потврдуваат фактот дека спроведената кампања во рамките на проектот произведе одлични ефекти, како и потребата од продолжување на ваква или слична активност за понатамошно оддржување на стекната запознаеност на јавноста со правото за слободен пристап до информации од јавен карактер.

Во рамките на Кампањата за Интегритет беше реализирана следната активност хибридна јавна дебата на тема:*„Ефикасно користење на правото на слободен пристап до информациите од јавен карактер во процесот на јакнење на интегритетот на јавните институции со посебен акцент на младите*“ која се одржи на 31.01.2022 година. Оваа јавна дебата беше дел од серијата онлајн тематски дебати кои се организираа во рамките на ИПА2 проектот.

Целта на дебатата беше подигнување на свеста за важноста од етичко однесување и интегритет, за правата и обврските на граѓаните и институциите согласно Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер, со посебен осврт на информирање и едукација на младите студенти.

Покрај Пламенка Бојчева, Директорка на Агенцијата, во улога на говорници беа Владо Георгиев, на ДКСК и Александар Кашумов, Клучен експерт од ИПА2 проектот, бројни експерти од невладиниот сектор, партнери и соработници на Агенцијата меѓу кои Данче Д. Бајдевска од ФООМ, Герман Филков од ЦГК, Марија Саздевски од ИРИ, Маја Марковска од Архус Центар Скопје, Мишо Докмановиќ од ИСИЕ и Петар Барлаковски од Младински образовен форум.

**II. Во рамките на активностите обуки за вработени во Агенцијата, за иматели и баратели на информации беа реализирани следните активности:**

**Во Јануари** беше завршена серијата на online обуки за имателите на информации за користење на двата електронски портали. Со овие обуки беа опфатени повеќе од 1300 слушатели. Во истиот период беа финализирани и објавени видео упатство и пишано Упатство за користење на двата портали наменети за баратели и иматели на информации.[1]

**Во Февруари и Март во** рамките на ИПА 2 проектот „Промовирање на транспарентност и одговорност во јавната администрација“, финансиран од ЕУ, дел од вработените во Агенцијата и ДКСК посетија две обуки, една на тема подготовка на проекти за грант поддршка од ЕУ и една обука за обучувачи.

---

[1]**Е-ПОРТАЛ ЗА ИМАТЕЛИ**
Упатство за иматели
https://drive.google.com/file/d/1r9qXYI8fMowQG7NvzJqmh-vyfNlGZOvj/view?usp=sharing
Видео упатство за иматели
https://drive.google.com/file/d/1BcY0vpbL2Oz1zxxPwDhWJElXX_QDXjHg/view?usp=sharing

**Е-ПОРТАЛ ЗА БАРАТЕЛИ (ПОРТАЛ СЛОБОДЕН ПРИСТАП)**
Упатство за баратели
https://drive.google.com/file/d/1ZDcxSganD97m9lwUdljQLPqp0KYG2pEe/view?usp=sharing
Видео упатство за баратели
https://drive.google.com/file/d/11R9mqDwM6QlvGYW7IIMrZTQBw98L9OZA/view?usp=sharing

**Додека во Април**, во рамки на активноста за подигнување на капацитетите на Агенцијата, беше реализирана дводневна online работилница со Европскиот омбудсман, на која говорници беа: О Реган Фергал Ентони и Хонор Махони, со поддршка од Манџукова Тереза.
На првиот ден од настанот беа појаснети и разменети практични и процедурални работни активности на Европскиот омбудсман за слободниот пристап до информации од јавен карактер, инспекциските овластувања, одлучување (предлози за решенија, препораки итн.) и исклучоците од пристапот до информации. На вториот ден од хибридната работилницата со Европскиот омбудсман тема на дискусија беа конкретни практични примери и случаи, третманот на личните податоци и класифицираните документи и комуникациските канали и вештини кои Европскиот омбудсман ги користи со цел за комуникација со пошироката јавност, медиумите и останати чинители.

**Во Мај со учество на ангажираниот гостин експерт Герман Филков** беа реализирани **серија** од повеќе еднодневни едукативни работилници/средби со граѓани и претставници од институции и тоа во Велес, Струмица, Прилеп, Тетово и Скопје. Средбите имаа за цел запознавање на граѓаните и службените лица за посредување со правото на пристап до информации од јавен карактер, преку појаснување на значењето на пристапот до информации од јавен карактер, на постапката за поднесување и одговарање на барањата за пристап до информаци согласно Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер.

Во **Јули** беа организирани 2 online дебати под насловот "Искуства од досегашното спроведување на новиот Закон за слободен пристап до информации од јавен карактер и можности за унапредување на остварувањето на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер". Учесници на првата дебата на 5-ти јули беа иматели на информации. Додека, на втората дебата учесници беа баратели на информации. На двете дебати свој придонес секако дадоа и вработените во Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер.

Со промовирањето на "Анализата на примената на Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер со препораки за унапредување на системот за слободен пристап до информациите" која произлезе од овие дебати беше одбележан **28 Септември,** Меѓународниот ден на универзалниот пристап до информации од јавен карактер **на конференција на тема „За состојбите поврзани со спроведувањето на Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер во Република Северна Македонија".**

Свои обраќања пред присутните службени лица кај имателите на информации, претставници на граѓанските организации и медиумите имаа Пламенка Бојчева, директор на Агенцијата, Агим Нухиу, заменик министер за правда, Александар Кашумов, клучен експерт за слободен пристап до информации од јавен карактер на проект финансиран од ИПА 2, Данче Даниловска-Бајдевска, авторка на "Анализата на примената на Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер со препораки за унапредување на системот за слободен пристап до информациите" и Герман Филков, претседател на Центарот за граѓански комуникации, експерт на ИПА2 проектот.

На крајот од конференцијата се разви плодна дискусија на која присутните службени лица ги пренесоа своите искуства од имплементирањето на Законот, дадоа препораки како да се унапреди остварувањето на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер, како еден од начините за градење на отворени, транспарентни и отчетни институции и како алатка за борба против корупцијата.

## III. Во Октомври во рамките на ИПА2 проектот беше реализирана Студиска посета во Португалија

Претставници на АЗПСПИЈК во рамки на проектот "Транспарентност и отчетност на јавната администрација" финансиран од Европската Унија, оствари тридневна работна посета на Комисијата за пристап до административни документи (CADA) од Лисабон, Португалија.

За време на посетата на сродната институција, претседателот на Комисијата, Алберто Аугусто Оливеира и членот, Тиаго Фиделго Де Фреигас и претставниците од Агенцијата, разменија искуства од својата работа, како и предлози за понатамошна заедничка соработка. Исто така, беше одржан состанок со извршната директорка на Транспаренси Интернешнл, Карина Карваљо, на кој се разговараше за искуствата кои оваа организација ги има во однос на имплементирањето на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер како баратели. На состанокот беше разгледана можноста за идна соработка на трите институции.

Претставниците на Агенцијата, присуствуваа на пленарна седница на CADA, а оствари и работни средби со претседателката на Комисијата за заштита на личните податоци (CNPD) Марија Филипа Пирес де Коста Калвао и членовите на Комисијата за државна тајна (EFSE). Посетата заврши со средба на гостите и претставници од граѓанската организација Геота, која работи во областа на заштита на животната средина и чиј претседател е воедно и член на Комисијата за пристап до административни документи.

**Завршната конференција на ИПА 2 проектот**, финансиран од страна на Европската Унија, а имплементиран од страна на конзорциум предводен од PwC, заедно со Фондацијата Програма за пристап до информации беше одржана на 8 Ноември 2022 година. Проектот беше спроведен во периодот од ноември 2019 до ноември 2022 година. Корисници на проектот беа Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер и Државната комисија за спречување на корупција, со цел да се подобри нивното оперативно функционирање, придонесувајќи за зголемување на интегритетот и етиката на јавните институции, како и подобрувањето на транспарентноста и одговорноста на јавната администрација.

### 5.2.3.Твининг Лајт апликација

Во декември 2022 година е подготвена Твининг Лајт апликација која Агенцијата ја поднесе до Секретаријатот за Европски прашања на тема:"*Ефективно усогласување на законодавството и развој на институционалната рамка и имплементација на најдобрите практики на ЕУ во областа на проактивно објавување и транспарентност на државните институции во Република Северна Македонија*".

Целта на оваа апликација е да се подобри проактивното објавување на информации, со што ќе се зголеми транспарентноста и отчетноста на државните институции на централно и на локално ниво.

Се очекува информација и реализација на истата во текот на 2023 година од страна на СЕП/НИПАК.

## 5.3. Соработка со невладини организации и проектни активности

Како што беше претходно нотирано, постојниот буџет на Агенцијата е недоволен за ефикасно и успешно функционирање. Како резултат на тоа, менаџментот на Агенцијата беше охрабрен да побара дополнителна поддршка од други извори, како што се соработките и партнерствата со бројни невладини организации. Склучените партнерства вродија со одлични резултати од реализираните активности и тоа:

I. АЗПСПИЈК заедно со Асоцијацијата за демократски иницијативи (АДИ) разви и реализира серија активности во рамките на ПроектотCivic Engangement Project (CEP) за граѓанско ангажирање финансиран од УСАИД. Овие активности беа продолжување на мисијата на Агенцијата, преку поедноставен едукативно информативен пристап на граѓаните со посебен

акцент на целната група баратели-младите, како и на имателите на информации да им се објасни пристапот до информации. Резултатие кои се добиени во рамките на оваа соработка се:

- Водич за именување службено лице за посредување со информации од јавен карактер,
- Одржана обука од претставници на Агенцијата за ефективна комуникација со јавноста и медиумите,
- Водич за едукација на младите за правото на слободен пристап до информации од јавен карактер,
- Анализа на причините за институционален молк при одговор на барањата за пристап до информации од јавен карактер,
- Изработка на анимирано информативно видео за поширокатa јавност со едукативна порака за нивното право на слободен пристап до информации од јавен карактер,
- Информативни сесии со млади и студенти во Гостивар, Куманово, Битола, Штип и Струга (*На овие сесии присуствуваа вкупно 113 млади) и*
- Работилници со службени лица за посредување со информации од јавен карактер вработени во јавниот сектор во општините и локалните институции, локални граѓански организации, новинари, граѓани (*на кој присуствуваа вкупно 122 учесници).*
- Завршниот настан на Проектот на УСАИД за граѓанско учество се одржа на 29 август, на кој претставниците од АДИ посебно ја истакнаа искучително добрата соработка со Агенцијата.

II. Во рамките на партнерството помеѓу АЗСПИЈК и ДКСК во 2022 година, со помош на Мисијата на ОБСЕ во Скопје, започна заедничка активност насловена како *„Дизајн, развој и имплементација на курс за е-учење на принципот на Демократската Влада за транспарентност и отвореност“.*

Општата цел на активноста е да се развие курс за електронско учење кој ќе биде достапен на постоечката платформа за е-учење на веб-страниците на двете инситиуции.

Агенцијата и ДКСК ќе го користат курсот за е-учење за транспарентност и отвореност како алатка за градење капацитет за номинирани службеници за интегритет, службеници за посредување со информации од јавен карактер во државните институции на централно и локално ниво. Во духот на таа соработка, на 12 мај 2022 година, во рамки на Програма за обука 2022: Политика за интегритет на единиците на локалната самоуправа, Модули: Транспарентност, Отчетност и Партиципативност/ Ефикасно, Економично и Ефективно работење, во организација на ОБСЕ и

ДКСК, претставник од Агенцијата учествуваше со предавање на тема: Слободен пристап до информации од јавен карактер.

III. Во 2021 година, отпочна соработката помеѓу Агенцијата и Меѓународниот републикански институт (ИРИ), која сеуште трае. Од 26 март до 2 април 2022 година, на покана и во организација на Интернационалниот Републикански Институт, IRI - International Republican Institute, од САД, а во соработка со Организацијата PAI - Public Administration International од Обединетото Кралство, Агенцијата, преку свој претставник, оствари студиска посета на Лондон, Обединето Кралство на Велика Британија и Северна Ирска, заедно со претставници на политички партии од Северна Македонија. Имено, на 25 мај 2022 година во заедничка организација се одржа Тркалезна маса на тема *„Активна транспарентност на политичките партии - исполнување на законските обврски за слободен пристап до информации од јавен карактер и позитивни практики“.*

Целта на тркалезната маса беше да се разменат искуства, практики и предизвици поврзани со примената на Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер од перспектива на политичките партии како иматели на информации, како и да се подобри разбирањето и практиката на политичките партии за активна транспарентност. На настанот присуствуваа претставници од политичките партии, државни органи и граѓански организации.

IV. Во согласност со Меморандумот за соработка потпишан помеѓу Агенцијата и Архус Центарот,во 2022 година беа одржани неколку едукативни обуки на тема: „Пристап до информации од јавен карактер и учество на јавноста во процеси на донесување одлуки за прашања од областа на животната средина“.

Обуките се одржаа во рамките на соработката, со организација и поддршка на ЗЕЛС и Мисијата на ОБСЕ во Скопје и на истите претставник од Агенцијата учествуваше со обука на тема “Слободен пристап до информации од јавен карактер- со посебен осврт на проактивната транспарентност“.

V. Агенцијата, уште од самите почетоци на имплеметација, во јули 2021 година, е активно вклучена во пилот проектот *Систем за рано предупредување за исчезнати де*ца на Новинарите за човекови права (HRJ), учествувајќи на различни тркалезни маси и студиска посета во Виена Австрија, што беше реализирана во месец Јули 2022 година.

Поттикнати од одличната соработка АЗПСПИЈК и НЧП на 26 декември 2022 година, потпишаа Меморандум за соработка. Меморандумот за соработка предвидува Агенцијата и Здружението НЧП, како и други

државни институции, да соработуваат во следниот циклус на горенаведениот проект за пристапот до информации од јавен карактер како алатка за побрзо стекнување на институционални информации поврзани со заштита на децата од исчезнување.

VI. Третата Регионална конференција на Иницијативата 2020 насловена: "Проактивна транспарентност и Тромсовата конвенција" се одржа во Струга на која домаќин оваа година беше АЗПСПИЈК.

Реализацијата на оваа Конференција беше подржана од страна на Советот на Европа во рамките на заедничкиот проект помеѓу Европската Унија и Советот на Европа "Хоризонтален инструмент за Западен Балкан и Турција 2019-2022" и проектот "Слобода на изразување и слобода на медиумите во Северна Македонија (ЈУФРЕКС)".

На конференцијата присуствуваа претставници од раководните структури на независните тела за пристап до информации, членки на „Иницијативата 2020" и тоа Босна и Херцеговина, Хрватска, Косово, Црна Гора, Србија и Словенија и домаќинот Северна Македонија. Гости на оваа регионална конференција беа Славица Грковска, Заменик на Претседателот на Владата задолжена за политики за добро владеење, експерти од Советот на Европа и делегација од Канцеларијата на Комесарот за информации и заштита на податоци од Албанија. На конференцијата беа разменети искуства и информации во областа на проактивната транспарентност, споделување на алатки и научени лекции, како и важноста од примената на европските стандарди и Тромсовата конвенција на Советот на Европа.

Соработката со Советот на Европа во рамките на проектот „Слобода на изразување и слобода на медиумите во Северна Македонија (ЈУФРЕКС)" продолжува и во третиот циклус на самиот проект и во 2023 година.

VII. Согласно укажувањата за Агенцијата содржани во нацрт записникот од 63-тата седница на Влада на РСМ одржана на 20 јули 2022 година, Агенцијата заклучно до 01.09.2022 година да направи сублимат од пристигнати податоци од сите иматели на информации односно Листа на најчесто побарувани податоци во период од 11.2020 година до 30.06.2022 година, беше побарано од сите иматели на информации содржани во Листата на иматели на информации, да достават список на информации кои биле предмет на поднесени барања во наведениот период.

Агенцијата добиените податоци ги обработи ги систематизира во категории и ги достави до Кабинетот на Заменик на Претседателот на Владата задолжена за политики за добро владеење. На 23.09.2022 година беше организирана конференција на тема: "Што ги интересира граѓаните? - Подобрување на системот за слободен пристап до информации од јавен

карактер", во организација на Центарот за управување со промени, а со поддршка од кабинетот на Кабинетот на Заменик на Претседателот на Владата задолжена за политики за добро владеење, на која учество земаа и претставници од Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер.

Во првиот панел беше презентирано нацрт Упатството за подобрување на транспарентноста на институциите од јавниот сектор,додека вториот панел беше посветен на дискусија на тема "Проактивен пристап при објавување на информации од јавен карактер".

Конференцијата беше организирана во рамки на проектот "Поттикнување на добро управување и реформи во јавната администрација" спроведен од ЦУП, а поддржан од National Endowment for Democracy. Соработката на Агенцијата со ЦУП и Кабинетот на Вицепремиерката задолжена за политики за добро владеење продолжува и во 2023 година.

## 5.4. Останати реализирани активности

### 5.4.1. На покана на УНЕСКО на 9 март 2022 година, Агенцијата учествуваше на хибридна сесија насловена "Нацрт верзија на годишното истражување за јавен пристап до информации за 2022 година (СДГ Индикатор 16.10.2)."

Имено, УНЕСКО го спроведува ова истражување во согласност со нејзината улога доделена од страна на Обединетите нации. Преку мерењето на индикаторот SDG 16.10.2, Унеско го следи напредокот во усвојувањето и спроведувањето на "уставните, статутарните и/или политичките гаранции за јавен пристап до информациите". Во 2022 УНЕСКО, преку својата меѓународна програма за развој на комуникациите (IPDC), дополнително доби мандат да го следи и да известува за напредокот на овој индикатор ширум светот.

Агенцијата е дел од ова истражување уште од самите почетоци на покана од Тим на УНЕСКО SDG 16.10.2 од Сектор за универзален пристап до информации, сектор за комуникации и информации, па како минатата година, така и оваа своите одговори на доставениот Прашалник ги достави до тимот на УНЕСКО на 28.март.

**5.4.2. Подготовка на Извештаи и Подготовка на материјали за придонесот на Северна Македонија кон Извештајот на Европската Комисија**

I. За Придонесот на Република Северна Македонија кон Годишниот извештај на Европската комисија.

Врз основа на воспоставената практика и писмото од Комесарот за проширување и соседска политика Оливер Вархеји, доставено до Секретаријатот за европски прашања, Агенцијата подготви и достави Извештај за период од октомври 2021 година заклучно со март 2022 година, кој содржеше статистичките податоци кои го опфаќа периодот јануари-декември 2021 година.

II. Согласно заклучокот донесен на 132-та Седница на Владата, одржана на 11 јануари 2022 година, со кое Министерството за правда е задолжено да ја следи реализацијата на Планот на активности за ажурирање на податоците кои се клучни за опсервациите дадени во Извештајот од прегледот спроведен од Црна Гора и Република Молдавија за имплементација на членовите 5-14 и 51-59 од Конвенцијата на Обединетите нации против корупцијата за циклусот на преглед 2016-2021 година и за надминување на предизвиците идентификувани во рамки на вториот циклус на преглед на имплементацијата на Конвенцијата, 2021-2024 година.

*На 15.07.2022 година АЗПСПИЈК подготви и достави Извештај за статусот на реализација на горенаведениот План, и за мерките:*

„II.8.Д. Известување за спроведен мониторинг на веб-страниците на имател на информации од јавен карактер, со оценка на спроведувањето на членот 10 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер (ЗСПИЈК), односно 22 категори на информации и препораки за подобрување на ЗСПИЈК односно неговата примена

II.8.Ѓ.2) Годишна анализа на потребите за обуки за вработените на Агенција за заштита на правото на слободен пристап до информациите од јавен карактер“

5.4.3.Подготовка на материјали,извештаи и присуство на работни состаноци:

I. На покана на Кабинетот на Заменик претседателот за европски прашања во координација со Министерот за информатичко општество и

администрација, а во организација на организира Канцеларијата на НИПАК на 19-ти април 2022 година Агенцијата зема активно учество на пленарниот состанок на Секторската работна група за реформа на јавната администрација.

Состанокот се реализира со цел презентација и дискусија на стратешките приоритети на секторот РЈА, релевантните стратегии, областите на интервенција дефинирани во рамки на Стратешкиот одговор за ИПА 3 и индикаторите за следење на нивната реализација.

II. На покана на СЕП, претставници од Агенцијата во улога на член на Одборот за мониторинг на секторот ИПА II, земаа учество на 4-от Секторски комитет за мониторинг за демократија и добро владеење (фокус на РЈА и ПФМ во 2022 година). Состанокот се одржи on-line на 26 мај 2022 година.

III. На покана на ИПА II Технички секретаријат, АЗПСПИЈК како членка на Одборот за мониторинг на секторот ИПА II, присуствуваше на 5-от Секторски комитет за мониторинг за демократија и владеење (фокус на РЈА и ПФМ). Средбата се одржа on-line на 28 ноември 2022 година. Тема на дискусија на оваа средба беа мониторинг и состојба на имаплементација и спроведување на ИПА II проектите, како и Оперативни заклучоци и препораки.

IV. 14 јули 2022 година се одржи 19-от состанок на Комитетот за стабилизација и асоцијација. Подготвен беше Извештај со краток осврт на постигнати резултати и позначајни планирани реформи за областите од поткомитетот на РЈА.

V. Канцеларијата на UN Women, во рамки на проектот „Советодавни услуги за вклучување на родовата перспектива за администрацијата на Северна Македонија на централно ниво“ - Gender Equality Facility (GEF).Претставник од Агенцијата зема активно учество со Пополнување на доставениот Прашалник за проценка на потребите од обуки за вклучување на родовата перспектива во процесите на планирање и ревизија на Националната програма за усвојување на правото на Европската Унија (НПАА).

Дел од препораките пренесени од страна на членовите кои ја посетија обуката се доследно воведени во тековното работење на АЗПСПИЈК.

# 6. Буџет, завршна сметка и финансирање

Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап до информациите од јавен карактер, средствата за работа ги обезбедува од Буџетот на Република Северна Македонија, на раздел 19302 програма 20 - Слободен пристап до информации, на следните сметки:

- Сметка на основен буџет 193026288063710;
- Сметка на буџет на донации 193026288078511;
- Сметка на буџет на донации 193026288078526;

## 6.1. Краток финансиски извештај

Со донесување на Буџетот на Република Северна Македонија за 2022 година, Агенцијата ја започна годината со буџет во износ 17.438.000,00 денари. Во текот на 2022 година, по донесените Измени и дополнувања на Буџетот на Република Северна Македонија („Сл. весник на РСМ“ бр. 164/2022) и Одлуката за прераспределба на средства помеѓу буџетските корисници на централната власт и помеѓу фондовите („Сл. весник на РСМ“ бр. 272/2022), на Агенцијата и беше утврден буџет во вкупен износ од 22.334.000,00 денари.

Во однос на структурата на буџетот со сите одобрени прераспределби на средства во текот на 2022 година, табеларно и графички е прикажана распределбата и реализацијата на средства по ставки за горенаведените сметки.

Сите средства беа испланирани и извршени во согласност со надлежностите, правата и овластувањата на Агенцијата, со цел нивно законско, ефикасно и економично искористување.

## Сметка 193026288063710

| Ставка | Буџет 2022 | Завршна сметка 2022 | Процент на реализација |
|---|---|---|---|
| 401- Основни плати | 8.672.000,00 | 7.691.297,00 | 88,69% |
| 402 - Придонеси за социјално осигурување | 3.343.000,00 | 2.984.759,00 | 89,28% |
| 404 - Надоместоци | 144.000,00 | 144.000,00 | 100,00% |
| 420 - Патни и дневни расходи | 108.000,00 | 107.471,00 | 99,51% |
| 421 - Комунални услуги, греење, комуникација и транспорт | 1.963.000,00 | 1.750.775,00 | 89,19% |
| Комунални услуги, греење | | 1.244.675,00 | 63,41% |
| Комуникација | | 488.413,00 | 24,88% |
| Транспорт | | 17.687,00 | 0,90% |
| 423 - Материјали и ситен инвентар | 177.000,00 | 177.000,00 | 100,00% |
| 424 - Поправки и тековно одржување | 212.000,00 | 208.500,00 | 98,35% |
| 425 - Договорни услуги | 355.000,00 | 351.270,00 | 98,95% |
| 426 - Други тековни расходи | 215.726,00 | 215.566,00 | 99,93% |
| 464 - Разни трансфери | 230.000,00 | 229.960,00 | 99,98% |
| 480 - Купување на опрема и машини | 87.274,00 | 87.136,00 | 99,84% |
| **Вкупно** | **15.507.000,00** | **13.947.734,00** | **89,94%** |

**Табела бр.1.: Буџет и реализација на буџетот по ставки сметка 193026288063710**




**Графикон 8: Буџет и реализација на буџетот по ставки сметка 193026288063710**

## Сметка 193026288078511

| Ставка | Буџет 2022 | Завршна сметка 2022 | Процент на реализација |
|---|---|---|---|
| 424 - Поправки и тековно одржување | 60.000,00 | 59.118,00 | 98,53% |
| 426 - Други тековни расходи | 75.000,00 | 72.209,00 | 96,28% |
| 480 - Купување на опрема и машини | 700.000,00 | 0,00 | 0,00% |
| 481- Градежни објекти | 4.100.200,00 | 4.034.133,00 | 98,39% |
| 482 - Други градежни објекти | 70.800,00 | 70.800,00 | 100,00% |
| 483 - Купување на мебел | 400.000,00 | 0,00 | 0,00% |
| 485 - Вложувања и нефинансиски средства | 525.000,00 | 0,00 | 0,00% |
| **Вкупно** | **5.931.000,00** | **4.236.260,00** | **71,43%** |

**Табела бр.2: Буџет и реализација на буџетот по ставки сметка 193026288078511**




**Графикон 9: Буџет и реализација на буџетот по ставки сметка 193026288078511**

## Сметка 193026288078526

| Ставка | Буџет 2022 | Завршна сметка 2022 | Процент на реализација |
|---|---|---|---|
| 480 - Купување на опрема и машини | 896.000,00 | 788.800,00 | 88,04% |
| **Вкупно** | **896.000,00** | **788.800,00** | **88,04%** |

**Табела бр.3: Буџет и реализација на буџетот по ставки сметка 193026288078526**

Анализирајќи го по видови буџетот, учеството на пооделните видови на расходи во вкупно реализираните расходи за извештајниот период е следно:

*Сметка 193026288063710*

